# вуна

колумни објавени во **неделно време** во
периодот јануари-јуни 2006

анастас вангели

15.01.2006

## ОПРЕМ МРСКО

Знаеш, одам накај кафеаната на ќошот. Онаму, каде што смрди на тазе балеги, каде што чекаат курвите, каде што спијат клошарите и каде што мајките не ги пуштаат децата да си играат жмурка.
Ти идат многу прашања, ама подобро воздржи се. Не ме прашувај зошто, ниту како, затоа што одговор не верувам дека ќе добиеш. Не прашувај ништо, се што треба сам ќе ти кажам, со раката на Манифестот и со совеста на готовс. Зашто, таа кафана за некои беше само дел од сликата покрај сокачето, амбиентален момент, со забелешка грд, ама за некои други беше пролет со кокичиња и ластовички нацртани како легнато 3, беше ладовинка на пољанката, интравенозна капка во криза, шупа на идеалот и ковчеже на маката, со катанче и клуч.

Во таа кафана, Џони, се збираше една симпатична екумена, која локаше до посерување и во исто време дискутираше на неколку топика од есенцијално значење, во еден спектар на теми, кој секогаш на крајот се прелеваше во лубриканти и пенетрации. Човече, во таа крчма се собираше толкаво количество бистар ум, што создаваше критична состојба при која ниеден шублер не беше компетентен да измери чие колкаво е и да расчисти еднаш засекогаш дали, побогу, таа должина, односно длабочина, е воопшто важна или се е до должината на егото и до длабочината на џебот.
Кафеаната не беше ништо посебно, Џими, ќе те предупредев пред да се полакомеше да влезеш. Градена непландски, онака џаболебарски, крпена, правена на шашма, доправувана самоуко, излупена фасада ко изгорен грб по риболов на Вардар во Влае, а кога врне протекува покривот, и пенџерчињата се тамам средени да те фати провев, но притоа да не настинеш. Знаеш, како што во градот е пожелно улиците да се сечат под прав агол и некои слични хиподамски стандарди, кои мора да се запазат. Потоа му приредија на газдата и некои други косеници, беше принуден да ја децентрализира... алкохолите десно, кромидите лево, масите на една трансверзала, а столовите според Фенг Шуи... фискални сметки, пушачи геген непушачи, курвите раус, лиценцирани курала и тенгала, краставицата свиткана до 30 степени, работно време до рано, платата на персоналот до први, вклучително и на пуцфрау...

Порано, онака, да напоменам, кога сексавме повеќе, кога се одеше на корзо, кафеаната беше важен чекпоинт. Млада и убава като оние силиконки на Планета ТВ, нималку набрчкана како што е тоа случај сега. Се поминуваше само колку да те видат, особено ако си со Мара под рака, да ти мавнат во стилот кралицата-на-балкон и потоа да те озборуваат злобно, но не и злонамерно. Еквивалент на денешната синтагма „у град". Параелитизам и квазибуржоазија. Ама, со тек на време, како што се загубија вредностите, како што „у град" мутираше „од село", како во блуз-песна, така се загуби и навиката да се тркне дотаму. Слабо со приходи, расходи милион, и ете, денес крчмарот се крпи со конец, за до утре. Дојде дрогата, дојдоа изборите, дојде Европа... дојдоа дедомразовци, многу црвени дедомразовци, од кои само еден беше вистински... е тој, за беља, не дојде. Дојде Џингис Кан во дипломатска посета, ама зад себе остави пепел, крш, смет и шут...
Но, духот е се уште присутен, заробен во ламбата, мрско му е и нему, чека да го протресат рачно, да му учинат, па да ги вети трите желби. Зрачи гревниот од секоја капка алкохол и од секој бледожолт-зачинет-со-кариес насмев при муабетите во крчмичето. Духот што ги поместува стрелките на часовникот, духот што ги врти нумерираните листови на календарот, духот што ја секнува желбата и го носи спокојот.

Право да ти кажам, Џеки, има уште еден штрч-детаљ, што ме исполнува  кога сум таму - грамофонот. Онака, лунарно пеење, си ставаш една плоча, и врти цел ден, како Месечината околу Земјата, а Земјата околу својата оска. Тоа-па-тоа, те-едно-те-исто,

ама секој ден во нов манир, платена политичка програма, и мозок што истекува низ ушите.
Имаше, кога ќе се сетам, во таа пештера на слепите, ликови битни, ликови епизодни, ликови позитивни и негативни, некои беа и порноликови, некои подвоени ликови, некои само шизофреници. Албум со самолепливи сликички, и да се менуваш со дупликатите, оти јас таму не сум видел дупликат. Е сега, келнерот отиде, да сме искрени, од мака отиде кутриот, лесна нека му е секоја педа почва над ковчегот. Беше што беше, добро дете, како да ќе донесеше нешто среќно... Единствен келнер на кого му оставав бакшиш, затоа што тој последен почина.

Исто така, имавме и певаљка едно време. Милозвучен глас, изглед... па прогресивно-демодиран, плус со неа живуркаше атмосферата. Не беше како Цеца, да се разбереме, но имаше факинг неодолив гз. Масив, море варовито карпиште, кое чекаше некој да му се испентари. Што стана со неа не знам. Судбини. Нивните места во албумот ќе останат пустелија без сликички.
Знаеш, сепак, таа кафана ми е коњак-место. Самиот влез во неа го буди човекот до темел. И ја закопува смрдеата, која е негова проекција. Верувај, тоа е единственото место каде што се чувствувам мртов пред да умрам. Дури и не мора да одам до крчмата, и онака сум мртов, бидејќи таа кроце ме сардиса, изврши сурова експанзија, сега е веќе околу мене, таа, маскирана во дворот во кој птиците-преселници не се враќаат, борделот каде што мажите глумат оргазам, огледалото каде што нема криза на идентитетот затоа што воопшто нема одраз во него, царството каде што секогаш е мрско од што мрскотијата држи монопол на расположението. Тоа е таа биртија, каде што не се знае кој пие, кој плаќа, кој части, кој е гостин, кој е стопан, каде што фискалната каса е задња реч технике, каде што завесите се последниот видик, а гоблените на ѕидот врвната фантазија. Каде што сепак ми е најубава чорбата, најпенливо пивото, најудобно вецето и најмека тоалетната хартија. Е, таму.
Прво, па угостителско. Што пие куќата, на моја сметка, до следната недела...

22.01.2006

# СЕКУЛА ТЕОНАНИЧАРОТ И СИЛВИЈА СЕИНТ

Да се запази континуитетот. Како да не!
Ја испокина крштеницата на парченца, дел ги фрли, дел ги запали, дел ги проголта. Во афект. Но, со силна поента и уште поквалитетна причина.
Пред пар години дојде кутриот до откровение од Мерилин-Монровски пропорции, кое можеби веќе ги жигоса неговиот понатамошен развој и интеграција како кандидат за граѓанин на Европската Унија. Му ја даде и онаа духовна компонента на целосното постоење, го сплоти со надземното и му го резервира билетот за Рајот виа Чистилиштето, оти за Пекол печен не беше.
Имено, за волја на инквизицијата и за инает на душманите, тој дозна дека ГОСПОД ПОСТОИ. А тоа просветление беше проследено со архимедовски крик: „Мамо, вади сармата!“. Мама сарма немаше, па му даде 50 денари, без обврска да врати кусур. Како завршија тие во погрешни раце, можеби ќе дознаете понатаму, а можеби и не, не сум Марио Пуцо!

Оној еурека лајк-заклучок за постоењето на Овој го имаше формулирано многу нагло, непосредно откако проклетиот кабелско-палеолитски оператор реши на маалските да им пушти порнографска содржина од маџарска продукција претходната вечер. Несомнено, тоа беше Негова заслуга, колку што е и се друго на световите и меѓу нив. За да го опишам сликовито благотворното дејство на еликсирот врз неговиот атрофиран бицепс, истовремено и вентил за хормоните му пубертетлиски, се плашам дека немам доволно слобода од уредникот, а и храброст пред тастатурата. И ко што реков, не сум Пуцо, ебаго, па вешто да го уплетам во дејството. Ама сепак, фор д рекорд, го распна Исус, па го воскресна, Мел Гибсон вода да му носи, сосе целиот екипаж на „Страданието“ и мачните следбеници на Понтиус Пилат.
Го сотре тоа неговиот скептицизам, му ги отвори чакрите, му ги ограничи видиците и му даде рамка на житието. Ако пештерските кабловци ги симнеа уште ловот и риболовот од дневниот ред, дури ќе почнеше да пали свеќи за здравје, од тие жолтите восочни од по 15 денари. Или пак собранискиот канал, сеедно, и онака никој не го гледаше. Сепак, не сакајќи да вршам негов фотељашки телевизиски дајџест, ниту да се задржувам на порничот, навидум мастило на Сатаната, но всушност последица Божја, со малата плава палава во главната улога, ќе се обидам да изведам некоја поента од сево ова необично гледање на работите. Силвија Сеинт, со претенциозното презиме во прилог на делови од сижето.

Малиот, по неверојатното петок-навечер-после-враќање-од-град-искуство не остана имун на влијанието Негово. Почна грешникот да се моли патетично, да паѓа на колена во транс, да плаче и цимоли како паталец, со една единствена и не толку невина намера - гореспоменатата платинесто тиражна и уште поплатинесто плава промискуитетна дама да ја види барем уште еднаш, за да ја комплетира невозможната бек-ту-бек-мисија. Ангелот негов беше кобната, самовилата-чувар, патронажниот објект на утринската гимнастика! И еден ден, како да е ДДВ, му воведоа редовни филмови со срамотни работи наместо Дискавери, а тој многу совесно го исполни дадениот збор и, наместо да склопува чопери или да руши митови, почна катадневно да пали по две свеќи во црквичето, една горе, една долу. Таа горе за Неговата чест, таа долу за потенцијалните чеда, изонанирани, ѓоа на клада горени, кои во новонастанатата ситуација на редовна блиска средба помеѓу стопанот и Силвија беа доведени на работ и однесени од виорот.
И така... се навршија неколку месеци, а страста негова кон Бога никако не спласнуваше. Дали кон Бога, или кон чудесните палавштини на блондинките во ситните часови покрај телевизорчето, не би сакал да разглобувам, та не сум Пуцо после да му мислам и на тој детаљ историја. Но, најважното е сепак што продолжи да верува, да врши синкретичко-мистично-духовни обреди, да ја негува традицијата, па го сплоти

паганското со небеското и почна да се залага за ширење на таа носечка мисла у маало, и на клупите зад училиштето.

Иако требаше да се движи во сосема друг правец, свеста негова остана чиста. Ниту образованието, ниту фактите не ја поматија сликата што тој ја имаше пред очи. На истото ниво како и пред тоа, како кога се губи живот во Супер Марио. Рисјанин, по душа пазарен и по разум измамен. Со Исус во рацете и за Велигден јајцата. Со цврсти вредности на мека столица, божји заповеди, закони напишани со перманент-маркер, истетовирани на сивата корка, да останат засекогаш бидејќи се вечни вистини, аналогно на математичкото 2+2=4.
Но, со текот на времето, независно од сите нови силиконски Силвии, дилда и жанрови, исушеното псевдопобожно-маструбантско мозоче почна малку од малку да созрева и посветовно да размислува. Фантазиите за еден холограм, за еден епитом на се што беше зад мониторот, беа помоќни од самите подвижни сликички. Просветителските повици на 0500, реалистичките погледи низ кратките сукњички „у град“ и беседите на мудреците пред кооперација, непобитно му предизвикаа хормонални пориви, кои го разбудија човекот во верникот. Молитвите од „Те молам, вечер лезбејки“ се трансформираа во многу попретенциозната форма „Те молам, вечер да се офајдам“..., што значи дојде до неизбежното заплакнување со ладна вода по целовековното пијанство и наводната благосостојба. Отрезнувачки поход во кој ни Неговиот напор од петни жили не помагаше.
И кога срипа од кревет, намокрен, излигавен, разбушавен, со сомнителен вкус, кој потсеќаше на млад кромид, во устата... се освести дека неговиот живот е само веце-еротика од денес до утре... сфати дека од вербата ќар нема, туку само арч за „палома“-5-динара. „Е така не оди“, си рече гневно, стана, ја испокина крштеницата и тркна на утринската онанија за последен пат. И ја изврши со поголема леснотија од кога било, затоа што немаше потреба да пали свеќи!

29.01.2006

## ОТАДЕ МЕЃАТА

Ден сприоти палењето на Вордот, и неколку месеци сприоти моето прво гласање на фер и демократски избори, ме пресече една мисла која ме натера да меандрирам од последователната расказност во која се вдомив.

Бла, бла, опозиционерството кон нараторот значи шанса за бесниот. Предвремени избори, предвремена ејакулација и наводно пенис инларџмент пилс за патриотите. Како и Вијагра за оние кои се под стрес и шпанска мушичка за оние уште попатетичните и попотресените околу чекорот кон Унијата.

Вуната која го носи погоре напишаново на рамења, во изминативе година-две, имено, колку што можев да согледам, не е плод на острите ножици, високо напреднатата технологија на машинката за стрижење или гневот со кој истата беше откубана. Не. Вуната која ја палев и играв околу неа, како Апач во најтешка суша, всушност беше собирана, случајно. Не како собирање поштенски маркици со слики од маркантните брклиња од минатото, не како собирање пари за кабелски модем, туку набрана рачно, со засукани ракави и наквасена со пот. Набрана од меѓата. Меѓата која ти го поплочи черепот со оловни блокови, со челични завеси на кои и Труман би позавидел. Меѓата која ги скара комшиите, која ги присили сказалките да ротираат обратно од нивниот предодреден правец, меѓа која дигна нов Берлински ѕид, додека уште ги дишеме прашинките од рушењето на стариот.

Меѓата изградена со спонтан архитектонски импулс наметнат уште од времето на Кензо Танге ја детерминираше клаустрофобијата на духот низ целото мое детство, рана младост, доцна невиност, па дури и до ден денес. Таа ги створи страшилата кои катадневно се мавтаат пред камерите, таа ги створи чавките кои го посраа секој ресурс на здраво рацио, таа е таа меѓа, која го скисна лебот и го пукна кондомот па се роди нагонот за убивање. И додека Ленка боледува од туберкулоза, Хајди дише чист воздух некаде на Алпите. Е, заради таа меѓа, таа пломба, која не дозволува на Ленка ниту собата да и ја проветрееш.

Додека низ реата од мртвите души парадираат господата со гас маски од италијански дизајнери, продавајќи најдолна хипокризија, тројански коњи и магарешко огнено оружје, на меѓата се нафаќа се поголема количина вуна. Снежно бели облаци, натопени со крв и по малку лимфа на овните со свиткани опавчиња и уште посвиткани рогови, и со веројатно висната машкост и надвисната индолентност врз сето тоа.

Мее-еее, драга овцо, изборите оваа година повторно ќе ги изгубиш. Волци во јагнешка кожа во трлото, ѕвечкање на остри сатари во бачилото, раце стегаат како клешти на вимето и  ги втишуваат парот анемични сивкасти грла кои ќе испуштат крик во обид.
И се тоа заради живата ограда, живиот песок насекаде околу заедницата, кој немилосрдно ги голта сите наши Икари и Дедали.

Стратегиското прашање кое се задава со самиот наслов, е колку таа меѓа од боцкава жица е транспарентна. Колку е тој јаз уочлив. Колку е тој јаз премостлив. За да се излезе од мизерниот агностицизам, диктат на дигитализацијата, популизмот и хибридизираниот дадаизаме(не оној на Хуго Бол, туку иронично – екстремен конформизам – „да, да, разумем, шефе"), несомнено, мора да се тргне од вежбата на сите шест сетила, практикувањето на прогресивната мисла во било кој облик и редовното читање, гледање и слушање на лектирите. Оти вакуумот во секој аспект на битисувањето вбризгува апсурден радикализам, кој создава срамни рамки од епрувета, кои се светлосни години далеку од степенот на славното Крушево.

Херметички запечатената ќесичка во која се наоѓа токсицираниот ум на оваа заедница, оди во прилог само на овие или оние којоти, задрти и аморални идеопати чија алчност за материја или престиж не знае за прекин. Вшмукувањето на секоја хранлива состојка, позициониот мат до кој е умот доведен, е статус кво, кој единствено трпи фасадни но гласни промени на секои четири години. Дебелата домаќинка и месечниот циклус, би споредил. И се тоа поради таа стерилизирачка меѓа, која бескрупулозно ја влече надолу трезвеноста и опива до онесвестување и тотална апатија.

Доволно е и да се спомене во контекст на совладувањето на кобната таа рампа и „Животот на Брајан“ на митската британска комедијантска тајфа на Пајтоновите. И фрустрацијата на Брајан кога ќе повика на индивидуализам.

Клета е судбината на овдешната маса. Ретроактивната наплата на автостоперските летувања низ галаксијата кои до пред извесно време биле муфте е морална одговорност и облигација пред самите себе, првенствено. И тоа е премисата од која поаѓа секој понатамошен заклучок.

А тоа не е така страшно како што звучи. Страшна е меѓата, која не има заробено, страшна е таа проклета мембрана која не дозволува никаква пенетрација на елан во ткивото кое се наоѓа под неа. Болно е што таа мембрана не е ништо повеќе отколку слој на окапани полумртви клетки, кои ја парализираат циркулацијата на она што не е ним познато, што ги втемелуваат стереотипите и предрасудите, што го плакнат свесното со отровни детергенти, притоа убивајќи го и припојувајќи го во своите погани редови. Меѓата е рачната кочница, менувачот во лер, коренот на злото, ноктот во месо, шестката кариес. Меѓата е силиконот на Цеца, меѓата е клик-клакот на сините и црвените, меѓата е она канцерогено немање на сопствен став, она море од летаргија и немање инстинкт. Меѓата се спуштените раце на првачињата од првиот ден на училиште до нивното дипломирање, меѓата е неоснованата омраза и фобија од различното и отсуството на конструктивност. Меѓата е векторот на вуната.

За да се скокне преку неа, треба да се биде присебен. Треба да се биде посебен.

Бидејќи, меѓата е Матриксот. Силна фикција, Баба Рога, маска за заварување спроти илумницијата вон Платоновата Пештера. Меѓата е множеството од сите трња во нашите очи.

ИСТАЈ ГО ХИТЛЕР 05.02.2006

Во лимбото од пишувањето до објавувањето на ова дело, можеби ќе се промени метереолошката состојба; ќе се дознае некоја клучна дневно-политичка информација од етерналистичко значење, ќе се дојде можеби до консензус во спорот за името со Грците; дури можеби и ќе се „истажат“ нови сметки од Швајцарија. Можеби ние сме следните во Брисел. А можеби и не.

Поверојатно е дека масовниот закоп на смрзнати лешеви е следното нешто на агендата на тазе печените МекКартиевци, после успешната депилација на пресната историја. За одредена социјална група, на која им касни пензијата и им поскапе парното, може да биде тоа фатално. Особено во Сибирски услови. И не само ним им е студено без парно. Никако да дувне некој силен топол ветер од северозапад-запад или југ. Сто му громова, нам ни треба криминализација на зимата, со можност за укинување на снегот. Море и ретроактивно банирање на сите зимски трагови, сосе февруарскиот поход и останатите злосторства против - да парафразирам - човештвото.

Каква дисторзија беше целото тоа антикомунистичко црешово топче за левичарската шизофренија! Го извади на површина носителот на партизанска споменица од длабочините на својата душа, му ги закачи петокраките, секој капиталистички флеш го прати на Голи Оток, и во тоа име одржа Фиделкастровски говор од седум часа пред пролетеријатот... го разбуди револуционерното, ископа ровови низ својот Виетнам на душата, го круниса Хо Ши Мин и го извеличи Пол Пот, додека Мао се смешкаше бидувајќи спознаван. Нормално, со Чаушеску во крвотокот, Троцки на мегдан, Ленин под мишка и со Сталин пирс на брадавица. И со кондоми со вкус на Маркс и мирис на Енгелс, за заштита од префаќање на сите тие болести што ги носат неспособните извитоперени револуционерни лидери.

Но, настрана сите спорови околу комунизмот, идеологијата версус праксата, Маркс версус марксизмот и тоа дали е објективно или пропаганда. Проблемот е што оваа глобална контроверза, гледано локално, се надоврзува на една друга, кукавички премолчена, заташкана, но ништо помалку шокантна од оваа.

Преку таа, другата, широко се отворија вратите за националната кауза, „вистинските патриоти“, слепците на Самуил и фалангата на Александар. Пркнаа лавчињата со гордоста на челото и паметот во карантин од надворешни влијанија, крик се слушна „Македонија на Македонците“, иако таа тематика е својствена строго на 19-от и евентуално до кај средината на 20 век. Љуоте тхе Равен, Неверморе, земјо Македонска уважавам те, една земја еден народ, се запали кладата, ККК ги навре белите качулки, и тргна во поход на комунисти. И „балисти“.

За таа, другата, уште полошата контроверза верглам... Келнерот што го заклучи Тито во шпајзот, веќе имаше извадено едно кутивче кое долги години беше херметички запечатено, во ционизам задушено и со смрт натопено. Го извади едноташаклијата, прототипот за сексуално искомплексиран лидер на Фројд, ја отвори пандорината таа кутија и го остави Хитлера на милост и немилост.. или, го постави читателот во искушение да посегне по кобната книга.

Зиг Хајл офчетино, ти се нареди слагалицата. Таман почнавме да мислиме дека дојде „Крајот на историјата“, ја извадија „Неговата Борба“ од нафталин. Во таква коинциденција на услови, во таква коинциденција на тензии, во такви мигови на слабост, подведување по стадото и барајќи си го овчарот, ваквите, декларативно неповрзани потези, делуваат како клизачи од позади грб на секој обид за премостување на Вардар и прошетка ТАМУ или ВАМУ.

Е, тоа е таа контроверза или можеби параноја, но од секогаш сум имал конспиративно гледиште на нештата, па затоа толку панично реагирам. Бар реагирам, за утеха, за разлика од целата јавност која е во улога на мртво пуфало.

Новонастанатиот идеолошки потрес, со еден епицентар во ЕУ, а со друг во скопските книжарници, ќе предизвика цунами од конфузија а потоа, според Марфи, сигурно сфаќање во најлошата постоечка форма на туѓите филозофии. Во ова пубертетлиско-транзициско доба, сведено на интелектуална онанија, со засилувањето на десницата, и парализирањето на левицата, многу е јасно колку целата таа онанија ќе добие на интензитет, јасно е дека крвта ќе стане многу попримамлива, и што е уште пострашно, факт кој треба да биде освестувачки, „Мајн Камф" веќе ни стана бестселер. Националистичката сперма може да прсне и од мртва точка, бидејќи „Борбата" си го трасира патот меѓу напатениот (невин) граѓанин и неговата потсвест.

Цревата што кркорат, нездравата и недоволната душевна а и материјална исхрана, немањето соодветни лекови за контракциите на нежното ни желудниче, ќе кулминираат во гастритис, во чир, во гангрена, која недвосмислено ќе заврши трагично, поради грешната дијагноза, исто како и при првото појавување на Фирерот. Оној латентен афинититет изразен преку поговорките „Да беше Хитлер.." полека почнува да го мрачи сонцето-вентилаторче и тоа во најгрешниот можен контекст. Политичката коректност можеби и е само лицемерие, ама сега кажувам нешто што мислев дека никогаш нема да го кажам... Побогу, „истај го Хитлер!". Очигледно, ова било погодно тло за виреење на семињата на омразата.

Истај го Хитлер, затоа што 2001 е блиску. Затоа што се уште се скандираат оние примитивистички пароли на стадионите, затоа што се уште се блада со туѓи зборови чие значење не е познато за тој што ги кажува, затоа што постои претек од испрани мозоци на кои најмалку треба да им се цртаат свастики. Во целиот тој конформистички потоп, во целата таа апатија одеднаш излезе толку храбро Фирерот на виделина, како да доживува своевидна реинкарнација. Најпрвин незабележливо, а еве по пар месеци веќе неколку пати ми се случува да го слушнам цитиран. Да му е... мајката, од сите милиони класични дела кои не се сеуште преведени на македонски, мораа баш злобниот чичко да го донесат на голема врата, со толку помпезен маркетинг, презентиран како спасител, та дури и аналфабетите научија да читаат само за да го разберат неговото „благородно" дело и порака.

Жити најмилото, истај го Хитлер, да не биде големата. Не е ниту време, ниту место. Како вакцина против беснило нека биде неговото банирање, бидејќи бесните кучиња се опасни по живот. Со тоа што тасот на ѕвездата олесни на идеолошката терезија, не значи дека свастиката треба да натежне. Тоа што наводно ги гониме „сеништата на минатото", не значи дека треба некои уште поморничави сеништа да не гонат нас.

Хитлер беше еднаш мејнстрим. Нека си остане тоа така.

12.02.2006

## ПАТОЛОШКИ МУШТЕРИЈА, ИЛИ ОБИД ДА СЕ БИДЕ ЧОВЕК

Ни монета од пет денари во испокинатиот картон покрај полусмрзнатото тело на просјакот, ни раситнети „пет по сто“ па раздадени на сиромашните, сем себичното себеисполнување, нема ништо да променат на овој свет. Ова е поредок каде што хуманоста е само ЕПП, а маркетингот маскирање на предаторската девијантност на човековото постоење во добата на парите.

Повеќе од кога било, хомо аварусот е жртва на сопствениот животински нагон, вбризган од страна на новокомпонираниот систем на вредности, кои промовираат сништа, полни со луксуз, со дисклејмер дека тие сништа се на сечиј дофат, бла-бла. Болен нагон за нивно остварување, нагон не за да се преживее, нагон да се задоволи патолошката потреба за материјални добра. Болен нагон што треба да се лечи. Бизарно.

Човекот повторно живее во орда. Орда на одвратни каменковци, Кептен Кејвмен, Унга Бунга, Ху Баба Ху, душевен мрак, само мавтаат со прачките и испуштаат неартикулирани крици. Неандарталци со бради натопени во туѓа мака, нокти зариени во незнаење, орда каде што единствената смисла е заработувачката. Купопродажба. Продажба на семки, продажба на ракотворби или купопродажба на органи. Издавање на душата под кирија. Алфа-мажјаците вешто ги манипулираат целиот чопор избезумени шимпанза. Злоупотреба на глупоста и ограниченоста, коњско гледање напред, а напред нема ништо освен купчето кеш и по некоја друга мрвка. Лажат бе!

Особено застрашувачка ми е новопечената орда, некогаш порано доблесна заедница, сместена на брдовитиот Балкан. Повеќекратна мизерија, кралство на популизмот, тотално депресивна ситуација, дух заболен од егзибиционизам, буквално да ти се згади, да помислиш дека лошите масони ни фрлиле материјална нуклеарка, па сега хараат кутрите радиоактивни денди гоблини во ситуација што личи на сцена од „Лудиот Макс". ПУСТЕЛИЈА, ама украсена во сјај, поплочена ко Булеварот на славните, дотерана по последна мода и насмеана од уво до уво. Репер „фрајери из београдско подземје у твојим колима јеботе“, шверцери со прилично јак доход по глава на шлепер и секакви други одроди, кои би си го намачкале таквото со кока и би го мавтале наоколу само за да покажат колку се кул. И не е тоа толку егзотично, ама мене ми е да го кажам. Шема, чоече. Конформизмус.

Идеологијата, како непрофитна, е под стечај, утепана и закопана во нечие шугаво дворче зад седумте реки и планини, без трага и глас. Одвреме-навреме се појавува некој исфризиран софист со говорна маана - нонстоп лаже и шири демагогија. Се манипулираат масите, се манипулираат и малцинствата, се манипулираат и мајки и шајки, се се манипулира априорно. Штом отворат уста, те манипулираат. Оние што продаваат оружје и оние што ја продаваат „Мајн Кампф" и оние што ти продаваат препи облека. Се штампаат маички со Че за мрсни чорбаџии со многу гел, а Че се врти во гробот; се тетовираат јапонски букви чија мудрост дефинитивно не е наменета за болно нарцисоидните преценети неинтелигентни девојки со дебел џеб, уште подебел г'з и промаја наместо мозок; преку медиумите се сервираат разноразни средства за умртвување мозочни ќелии, озлогласената Касандра, идеализираните Цеци и Азиси и екскомуницираните псевдоновинари со кабинетски сфаќања, скромен талент, уште поскромно знаење и занемарлива желба за напредок. Се со цел да те конвертираат во шупак што гледа само низ диоптерот и.

Љубовта е на ниво на вештина на сиромасите, за да добијат бесплатен секс; затоа проституцијата денес е толку распространета, отелотворена во сите спозноруши и напатени искомплексирани лепотици. Сексот продава, сексот се продава, сексот со пари се купува. Кој нема пари, а нема ни кредитна картичка, мора да сака за да има секс. Чист капитализам. Дури и со формула може да се претстави. И со график.

Знаењето се евалуира според парите платени за него (како и се друго), а образовните институции се осила на алчноста. „Експертите" љубоморно си ги чуваат фотелјите, само што наместо самоуправување предаваат неолиберализам и си земаат исто количество на поткуп. Интелектуалец - всушност продавач, човек што за одредена сума пари склопува логична целина со најмалку два странски збора, при што ја аргументира Вашата мисла, цена поволна. „Македонската битова драма помеѓу двете светски војни“ и „Утешение грешним“ типови на авторитети. Не дигај рака, не пишувај домашна и не сигнализирај дека постоиш, затоа што и постоењето ти е под знак прашалник. Такви кадри и се продуцираат. Адвокати на ѓаволот и Телетабиси.

Скина копач разумот. А ако воопшто постои, и тој е во служба на остварувањето на единствената цел... паметен си ако заработуваш, како што си уметник ако продаваш уметност (веројатно затоа постои апсурдната титула „трговец-поединец“) и хуман си ако донираш и јавно се пофалиш за тоа, па заедно со другите заболени од болеста на парите сочувствуваш со сирачињата и бедните... вредности се тоа, не е заебанција, и сето тоа сме ние, тоа сум јас, тоа си и ти. Ебате вредностите. Богатиот што му купил џигер на сиромавиот.

Христијанската, па после тоа и (навидум) комунистичката догма, успешно ја заменија со уште посилна, мајчиното млеко го затруја со странската валута, човекот го девалвираа, го сведоа на весело животинче, ја киднапираа потсвеста, а свеста ја подмитија. И од што и се услади митото, свеста е апсолутно токсицирана, предадена на консумеризмот, капитулирана пред моќниот окупатор на сите сетила, вградувајќи сензори и радари за шушкањето, бојата, текстурата и мирисот на парите. Се друго е ирелевантно. Геноцид. Масакр.

Доколку сиот тој патолошки материјалистички елемент се смета како минлив проблем, како нешто што се лечи, останува проблемот на овцата, односно конформизмот. Го судат комунизмот, им се извинуваат на жртвите, а што е со колатералата? Истиот менталитет, истото хардкор анално порно, истото букаке, казна - коленичење пред грбавите вештери во умот, за да се дисциплинира буквално сечиј карактер во име на маршот на мртвите.

Повторно да го нагласам конспиративното - ТИЕ сакаат да бидеш од „нивна“, тоа им е целта. Да те направат роб, климач со глава, да наметнат универзални вредности и ти не само што ќе ги прифатиш туку и ќе станеш нивни поборник. Затоа - од раѓање, па до смрт, сите го трасираме истиот пат, гледаме едни те исти работи на телевизија, читаме иста литература, патиме од стереотипи, дури и голите тетки сите се плави со иста форма на силикон, имаме однапред извршен избор за се, ни вршат унификација на разумот, на сетилата, на можноста да се суди за добро и за зло. Вршат поистоветување, свесни се дека човекот не може да биде залажен со еднаквоста, па затоа тие не прават исти, го убиваат индивидуалецот, го претопуваат во големата маса на зомбија, кои хараат наоколу во потрага по материјалната возвишеност. И, со тазе испрани мозоци, несвесно, веќе сме станати дел од НИВ. Лицемерството, површноста и егоизмот се светото тројство денес. Хуманоста, еден Могли што го одгледаа волците. Тарзан.

Поента? Доста беше купчето рандом мисли. Можеби уште еден патетичен изблик на емоции, уште еден банален дискурс на уште еден млад сонувач, кој веројатно после кус период или првата „непристојна“ понуда ќе замижи и ќе си ги голтне овие зборови.

Којзнае.

19.02.2006

## ДУВЛО И МЕТОДИ (ЗА ФАБРИКУВАЊЕ КОНФОРМИСТИ)

Случајно давеник. Во дваесет и првиот век, вешто интегриран во Европа но недоволно интегриран на сопствено тло, Вештакот храбро му пристапи на непознатото, со јајца до земи, дал од храброст ил од килавост, прашање е сега. Сепак, ова е блесаво невреме на спроведување реформи и треба да се биде муда(р) ташаклија за да се запази конструктивноста на сиот тој процес.

И така, се спонтано - го испратија во една смрдлива пештера, го запозна адот лично, во еднонасочна диода, која не пропушта ама апсолутно ништо назад откако ќе впие се што може во себе. Особено кеш, било да е во облик на уплатница, таксена марка или нетаксено мито за на рака. Остаток од една друга епоха, веројатно раниот палеолит, сведоштво за злото на комплексите, суетите, погрешниот тајминг и лошата организација од секој можен аспект. Куќата на стравот каде што сеништа шетаат по гаќи, каде што истрошени орospии со наметки го гушат убавото и гневни старци го трујат паметното. Деветте круга тука се сплотени во еден агресивен вртлог, каде што шетаат поларни џелати, со мачети кратејќи ги крилјата на секој што сака да летне надвор слободен. Слика и прилика на она што се нарекува систем, држава.

Одејќи по полусмрзнатиот „пато", Вештакот можеби се обидуваше да гледа само пред себе, да внимава да не се сопне од кокичињата на голомразицата, при што и не примети дека през целото патешествие го какаа пилињата-предвесници на пролетта среде зима. Не го гледал Хичкок пустиот, растен со амбиција и бањат во баксузи. Но, тоа и не е толку важно. Ескимите го маваа со снег, пингвините му се смееја под клун... а тој се спремаше за јунскиот риболов. Ќе го копа мразот за да лови пастрмка, но заборавил дека во барата на надеж покрај тоа дувло постојат само крупни парчиња - СОМОВИ. Октоподи, побогу, со пипците што продираат длабоко преку 'рбетот, жлезди што лачат исклучиво тегоби и мака и по малце лој, од што се залоени и закрмени јадејќи човекови души.

Фокусирајќи се на ловот, Вештакот загуби чувство за време. Се сториja четири-пет години, а тој наполно не беше свесен како стана толку суров. Го соблече бундичето за да облече и тој курвинска наметка, Бетмен два, налик Супермен во количка. А кога се сврте, зад себе виде само моржови и по некоја фока. Стари, збрчкани, погани, душевно болни и искомплексирани смукови, како да се гледа самиот себеси. И де факто стана смук како нив, бидејќи си упеца тапија. Милијарда процедури, тромбоза од чекање, собирање на бесот во себе, голтајќи си го сопственото јас... и на крај загриза.

Дувлото е перална, Вештаку. Сега и ти си свесен за тоа. Таму се перат мозоци. Регрутираат видри и ги прават јазовци. Кртови. Ги манипулираат, играат длабоки психолошки игри и, згора на се, ги рекетираат. На крајот, ја злоупотребуваат фрагилната состојба на регрутите, при што го задаваат клучниот удар. Силно под брадата, брзо во секунда, аперкат - неочекувано и подло, па и самиот Ернесто Хуст би потклекнал и би паднал во неотповиклив нокдаун. Мршојадците-судии го чекаат само тој момент и со несинхронизирано одбројување го отсвируваат крајот. Нокаут, или технички нокаут, или ако некој издржи, тогаш на поени, губитнику по дифолт.

Мрски друже, што не ти требаше да го фаќаш патот накај тоа дувло. Вештакот се зезна, ама враќање нема. Си се фатил на орото, па ќе го играш, велеше баба ми. Пештерата на проколнатите, каде што пука разумот во една отворена жива рана, која ја лазат црви, која загнојува така болно и гнасно, се претвара во една гангрена, во тумор, во канцер, се разјадува и разобличува, се растопува и полека, дел по дел, одумира, станува магма, станува мрамор. Ладна пот, студови, мразови. Мрзни сега, да ти смрзнат и бркот и опашот и мозокот да ти смрзне до последна ќелија!

Целиот систем во тоа дувло функционира како деноминација, како парарелигиозна заедница, како фанатичен храм каде што постојат божества инкарнирани во Змејови, Ламји, Зерги и Боргови, од кои капат секрети, се шири реа и се добива впечаток како да си влегол во санаториум кај пупупу, во геријатрија кај лошиот дедо Цуфо со канџи на нозете и смрдлив здив, кој сака да те приграби и изеде за доручек. Мора да се биде јак за да се оттргнеш од неговата прегратка - челуст. Вештакот го увиде тоа, се противеше, дури и купи скафандер, стаклено ѕвоно, но злобната раса на Поганците успеа да го најде криптонитот за протагонистот на ова дејство.

Лицемерството е пропусница во тоа дувло, во таа шупа на етиката, во тој кокошарник на доблеста. „Купете си поволна вештачка насмевка, се продава на влезот, десно“. Се продаваат и лубриканти, затоа што во дувлото се се заснова на насилна пенетрација од прв степен. Отпушти се да не те боли, сине, му рече мајката на Вештакот пред да го испрати во дувлото. Отпушти се, нека влезе полека гневот во твојата душа, затоа што ако дојде нагло ќе те уништи. Кога ќе почне да навлегува, тогаш стегни ги забите. Кога ќе почне да боли, вриснај. Ни најгласниот крик нема никој да го чуе, синко, затоа што во тоа дувло никој и не сака да те слушне.

Болната таа средина, болна била и болна ќе си остане. Нивните закривени божем фалусоиди хараат по душата на невините, ги прегладнуваат за светлина, ги дехидрираат, како пијавици, ја вшмукуваат кревката убавина и ја исплукуваат во корав облик! Авторитети што се наметнуваат толку простачки, во еден однос на субординација каде што владеат исклучиво законите на џунглата, чист карниворски случај, месојади, коскоглоди и лешинари. И крави што преживаат ваму-таму. И едно големо стадо овци, спремни за шишање. Сето тоа во подземниот свет на Дувлото.

Борбата на суети во таа шупа е грозоморна глетка. Тежок процес за гледање, уште повеќе ако си дел од него. Тропајќи по сите врати во пустелијата, наидувајќи на Керберот, кој со громогласен лаеж те обесхрабрува во каков било обид да дојдеш до вистината, ТАМУ немаш шанса да бидеш нешто надвор од стереотипот на пролазен мачeник. Мозоците што ги креираат по одреден шаблон, ги креираат во истата сувопарна процедура која наводно ја реформираат, но освен псевдоевропеизмот што го застапуваат тие, се што прават е геноцид на здравиот разум, создаваат меѓи, ги поттикнуваат скептицизмот и параноjата, ги вбризгуваат и оние назадни материјалистички вредности, го вадат претприемништвото од шпајзот, а ти го учиш преку практични примери. Медиокритети набилдани со пемпелиња цврсто ја спроведуваат суровата папирократија, затоа што тоа е дувло на папирократи што во текот на својот живот снифале ректуми, со носот забиен во газот на оној на погорното скалило, тантрале за да ги тинтраат и конечно можат да ја спроведат својата одмазда кога во дувлото ќе надушат свежо и беспомошно мевце, евентуално копанче.

Уф што ми е страв да гиословам... корумпираните, тупаџиите и нивните наследници, со чест на исклучоците, добронамерни сирачиња. И по некој Вештак, кој е во искушение дали извештачено да стане дел од нив или вешто да си остане свој господар - според геслото „смрт или газ“ - а мене уште пред да ме прашате ќе ви кажам дека ме отепаа. Да тибам дувлото да тибам.

26.02.2006

## АЛФА ЗБИРА (ФУЛ ЏАНДАРИ И КЕЦОВИ)

Од извештајот на МВР (22.02.2006): „... сосема нормално, логично и сообразно со сите познати светски полициски искуства дека конзументите на дрога за разлика од дилерите се, за жал, потранспаренти во својата несреќа."

Како во инквизицијата. Содомии, вештерки, еретици! Наркомани! Дрогираши! Распни, запали на клада, убиј!

Со целиот свој нетранспарентен к'смет, односно транспарентна несреќа, се обидувам да најдам барем еден аргумент за отфрлање на стереотипот на глуп џандар. За жал, освен мокар чорап во некој мувлосан подрум или едно транспарентно пендрече по газот, или кус престој во оние ширум и попреку озборувани станчиња, ништо нема да ме премисли.

Хелсиншкиот комитет за човекови права, веќе одреден период лае ли, лае, ама освен ехото од нивниот лаеж, ама баш ништо не одекнува од ѕидот наречен држава. А бре дигнете тоа џандарските капи од преку очи, ќе се сопнете од сопствената ароганција. По некое вакво транспарентно и концизно несреќно соопштение, во форма на нетранспарентен дискурс за несреќните ни умови наши пафкачки, не менува ни пиксел од лошиот имиџ на оваа удбашка држава.

Дискрепанцата меѓу рационалното и глупото во сета оваа збрка, е тоа што во брзите и одлучни андеркавер акции на Алфите како жртви паднаа неброено невини лица (избрани според непогрешливите инстинкти и острото сетило на комесарот Рекс, во наши услови Шарко), 500 и кусур „уживатели" и едно 7 (седум) дилери. Пошто они се понетранспарентни за фаќање.

Оваа трагикомедија на транспарентната нетранспарентност, има битен бекграунд. Првин, баналната нетранспарентна несреќа на законите, застарени, пожолтени, кои не кореспондираат со Европа кон која се стремиме и слично, тема во која не би сакал да навлегувам. Системот, пак, како државен непријател број 1 го гледа најобичниот травар, евентуално некој на ж'та, или сл. Очигледно, во недостаток од муда да се соочат со вистинските криминалци во Кондово, Арачиново, Владата (зборам за главните у бизнисот и шверцот со дрога, заебете секоја помисла на паравоен патриотизам) бараат излез во ортодоксното гонење на зли наркодухови, при што зависниците се деградираат, демонизираат, девалвираат и дехуманизираат, ерго тие ја губат загарантираната еднаквост пред законот. Колку за илустрација, во европските метрополи (како што е и полициското транспарентно Скопје), не само што се почитуваат правата на зависниците, туку тие се водат како лица на кои им треба помош, како екстремно фрагилни лица, социјална група. Во тој правец, властите, наместо да ги малтретираат вербално или физички, им доставуваат чисти шрицеви за да се избегне ширењето на ХИВ/СИДА (жив пример од У6 метро линијата во Виена).

Кај нас, им се доставува пендрак во ребра. Вистински фарси беа рациите во Градскиот Парк, кога безброј копилјаци беа тресени и претресувани, приведувани, малтретирани, све во име на борбата со криминалот. А јас пак си мислам дека требаше тие „рации" да бидат изведени малце понатака по „Илинденска", во едно место кое што се вика Влада, кое е баш дувло на криминал, само не уличен, ами организиран, но го организираат уличари и уличарки, па една компромисно-транспарентна формула за именување би била „организирано-уличарски криминал". Заптии, јуриш таму!

Цифрата од 560 „откриени уживатели на опојни дроги" не значи успешно работење на полицијата, т.е. борбата на Алфите со уличниот криминал, туку неуспех во

спроведувањето на човековите права и слободи. Не знам што тие имаат на ум кога ќе се спомене „борба со уличен криминал“, ама што и да е, дефинитивно не е претресување граѓани на улица, по рандом инквизиторско-сталинистички избор, со рандом транспарентен и коректен однос. Уште да се земе предвид и аргументот за привилегираноста  на дилерите во однос на зависниците (она со транспарентноста)... јеби, јеби Миливоје. Јас пак викам дека нормално, логично и сообразно со сите светски граѓански искуства е дека само кај нас се случуваат вакви болни работи. Додека целата светска, особено европска јавност на големо дебатира за легализирана продажба на лесни „опојни дроги“, кај нас мора да се ќути под превезот, овај пендрекот на демократијата.

Во една ваква, транспарентна ситуација, може да се заклучи дека во нашето секојдневие главен протагонист е Исус од „Тетовирање“. А од „Тетовирање“ се поминати цели 15 години. Спореден лик фрлен на (не)милоста на трулиот псевдокомунизам. Ма све е колатерала...

Оваа тема неминовно отвора повеќе прашања. За одговарање на едно од нив, мора да се интервенира што побргу, во очи на изборите, кога „моќниците“ (бедниците?) се најранливи. Зборувам за лобирање во поглед на класификација на дрогите, за понатаму да се искористат и можностите за депенализација и се со ред. Па така, веројатно Алфите ќе мораат да се фокусираат на уличен криминал, а не на потенцијални травари со пирсеви на фаца или малку поинаква фризура.

Другиот предизвик е подолгорочен, а тоа е реформирање на хардкор-борците против „наркоманијата“, оние „битова драма меѓу двете светски војни“ авторитети што упорно кудат и пцујат, затворени мозоци од сите страни, забарикадирани во сопствената загушност, игнорирајќи и научни факти и све, кои знам дека во моментов ќе се наежат и потресат и ќе ги фати срце кога (ај, нема смисла со кепс лок) ќе пишам дека грасот има благотворни дејствија, а алкохолот и цигарите се поштетни од него. Уствари, и да нема, ако човек сака да пафка, да се пуни со хорс, да снифа, да јаде табли на журка, да трипа, ма шо сака да конзумира, тоа си е негово слободно право, зошто некој би му се мешал... ма убиј па прашувај, дрогата е а приори лоша, не?

Има време и за овие прашања, веројатно. Сега засега, да видиме како би можеле нашата транспарентна несреќа да ја индивидуализираме и бар малце да ја неутрализираме пред алфите. Бидејќи ваков модел на борба со криминалот е својствен за Шеријатот, а не за една вонаби членка на ЕУ.

И за крај, поздрав од Паблик Енеми и Н Даблју Еј и Рејџ агеинст д машин и еден ал други бендови со химната „Фак д полис“.

05.03.2006

## ХИПИ КРИК

Заглавен меѓу џандарското сивило од една, и блогерското размавтано плодило од друга страна, се одлучив да пребегнам кон крајно радикални средства за разобличување на се позастрашувачкиот свиреп камшик, маскиран во секси-играчка од најблиската продавничка, со 15 % попуст ако со него купите и гаќички од латекс. Доколку се јавите во следните 37 минути, можно е и да ви бидат ставени лисици, нели, секси-авантурите и влажните сништа тоа го налагаат. Доминатрикс политичка исправност!

Сомнителен параграф, ко за почеток, се надевам дека ќе се разјасни во натамошниот тек.

Човековиот збор има прилично растеглива цена, со различни сезонски попусти и намаленија. Различната роба измамува различни понуди, оттаму различно ги евалуирале човеците на попис.

Проблематичен е човекот, додека го слушаме чкрипењето на хиперактивната глобализаторска машина. Се се базира на интерес, на меѓучовечкиот однос се гледа како на инвестиција, секој обид за општење се третира како вложен капитал, ресурс, ма што и да е, во еден мадафакинг бизнис, наречен пријателство, љубов, или едноставно секс. Секоја насмевка си има своја цена, ко да ја вадат со клешти од ректумот на душевно заболениот глобализациски смрад, како да е тоа некоја вештина која треба да се совлада - осмех карате, црн појас, втори дан, се смее ко Брус Ли, пази му се. Човекот на се гледа со претпазливост, сомнеж и недоверливост, и притоа, заглупавен, ги дели луѓето на добри и лоши според критериумот, односно стереотипот религија, сексуалност, етнос, раса, пол...

Во тој профитерски свет на патолошките муштерии, се користи една цела методологија на комуницирање на странките. Заеби контакт со погледи, никој не гледа во очи кога лаже. Заеби и принципи, принципот на заработка е неприкосновен. Па затоа, ќе се погазат и сопствените предрасуди.

Во еден таков Матрикс на кешот, потребно е човек да си има подготвено скрипта за полесно справување со тешката работа која го чека. Онака, меморандум, каса прими, само да се пополни, а натака процедурата е иста. Налог за плаќање и нагон за повраќање, со подзнак дека не зборувам само за капиталистичките предатори и канибали.

Постои еден цел систем на однесување кој произлегува од целото тоа претприемништво, од таа нова култура на живеење, кој се рефлектира во сите сфери - дал е тоа семејство, училиште, кафич или спална. Се низ призмата на коректноста, маркетингот, спамирањето, начелото да се привлечат муштерии, да се створи таргет група и да се манипулираат истите.

И  во целата таа пазарност, тоест тезгарска новокомпонирана цивилизација, моќниот Запад ја смисли таканаречената „политичка коректност". Погана филозофија на лицемерство, маскирана во пацифистичка идеја која промовира толеранција, израз без навреди и предрасуди, употребување на некои бедни латинизми или метафори наместо „експлицитните" кур, пичка и така натаму (па добар дел од нив беа и испуштени во толковните речници). Таа политичка коректност не е ништо повеќе од цензура, метод како да се зачуваат муштериите и како да се притаи ножот што некому ќе му биде зариен во грб. Голем пенис, вагина ти...

Техника која помага во вашите зделки, а притоа ги маскира сите недоследности.

Самата таа коректност имплицира и борба со вековните предрасуди, шовинизми, сексизми, национализми. И јас немам ништо против тоа. Како припадник на малцинство, напати ми биле упатувани не баш пријатни зборови и знам како изгледа да се биде дискриминиран.

Но, она што ми пречи кај таа политичка коректност е тоа што таа се однесува на формата, а не на суштината. Таа не делува на луѓето, делува на нивниот израз, а со тоа само ја попречува слободата на изразувањето (слобода на говор ми е некако непригодна синтагма, бидејќи мислам и на графити, и на пароли, и на музика и слично). Вистински жилет под јазикот, што со текот на времето станува се поостар и поостар. А тоа сведочи само за глупоста на нашето целокупно постоење.

Вистинското делување во поглед на запазување на човековото неприкосновено право првенствено на живот, и тоа слободен живот, а понатаму се со ред, не е демнењето со маркер во рака над весниците и подвлекување на спорните фрази. Дали некој својот национализам ќе го изрази преку „кастрење на канџите на орелот" или „Македонија на Македонците", мене ми е сеедно. Дали некој ќе ме навредува со „стиснат Цинцар" или ќе ме исмева со навидум смешни анегдоти за Власите, исто така ми сеедно. Мал милион примери.

Актуелни ни се и дискусиите за хомосексуалноста, каде што се дискриминираше врз основа на сексуална определба, макар и со најкоректна терминологија. Нема потреба да го споменам провоцирањето меѓу половите, шовинизми кои до пред некое време и јас ги сметав за симпатични и за што ми е искрено жал.

Таа коректност на изразот, всушност, не е коректор, не е интенционалност, туку едноставно кажано е лицемерство. Тоа е само дипломатски потег за запазување на сопствениот углед преку прикривањето на предрасудите со некоја квази елоквенција. Да, човекот е склон кон стереотипизирање и плукање, меѓутоа, наместо да се обрнува толкаво внимание на исправноста на изразот кој вака или онака ќе исплива во јавноста, наместо да се генерираат нови концепции и формулации, треба да се размисли, што да се преземе во поглед на реанимација на таа стара и изнемоштена хуманост, која е сведена на нивото на профитерство, проткаено со хипокризија од најцрн облик.

Единственото нешто по што човек со човека може да се идентификува е дека сите ние сме различни, ма од корен различни, исконски. Раса, пол, сексуалност, религија, етнос.. тоа е нашата хетерогеност. Човековиот живот е обележан со различноста, која со текот на времето стана база за поделби, а во најновиот век наместо да го победуваме поривот за тие национализми, шовинизми, сексизми, блаблаизми, ние ги засилуваме со таканаречената политичка коректност. Начин како да го опцуеш омразениот, наместо начин како да натераш некого и да не помислува да мрази, а не пак да пцуе.

Нашето буребарутско поднебје е особено чувствително на оваа тема. Затоа можеби и постојат тие рамковни и нерамковни договори. За мене поразувачки е со закон да се одредуваат правата на одредени групи. Поразувачки е и кога творците на оваа држава, во своите излагања без грам свест дискриминираат ли дискриминираат, а медиумите тоа го пренесуваат немо, па дури и го поддржуваат.

Подајте си рака, бре, црни, бели, црвени и жолти!

12.03.2006

# ПЕНИЦИЛИН

На неколку наврати, во контекст на описот на начинот на дебатирање во овдешни услови, употребив една синтагма како уште од најрани години „првоодделенчињата не креваат рака“, како младите упорно климаат, подголтнуваат и виткаат опашки, како академските граѓани вртат поглед од реалноста и како сето тоа оди во прилог на фабрикувањето на свеста на граѓанинот и узурпирањето на правото на критика од страна на одреден број луѓе чии ставови важат само поради тоа што се нивни. Затоа, трпете.

Тоа што успеав, најпрвин преку онлајн-медиумите, а еве сега и преку печатените, релативно рано да се изборам за сопствено катче за „какање, лаење и солење памет“, навистина ми влијаеше многу на мислењето што го имав за целата таа фамозна „јавна дебата“, пуста да остане, и дебатата и јавноста. Јавна дебата со јавни тоалетчиња на паметот, со санитарни чворови од мисли, со однос према јавноста ко на сточен пазар и цена на зборот ко на панаѓур (со можност за ценкање).

Затекнувајќи една фаза на мртво пуфање од страна на мртви пуфала, не знаејќи дали смрди од пуфките или од самите пуфала, на релативно упатениот читател не му останува ништо друго сем да си стави една штипка на носот. Од една страна, фабриканти фрлаат солзавец, од друга националисти палат бурето барут, од трета квазиморалисти презентираат ретромода и цвикаат по Информбирото и Голи Оток. Во ред, тоа е дваесет и првиот век, хетерогеност, различни лица, различни ставови, поенти, цели и целни групи, на крај краева, секој со својот отпечаток. Многу разбирлива е таа шареноликост и разнородност, но не би биле ние ако не го посадиме дрвцето накриво, па накриво да ни расте.

Да беше нашава дебатна сцена човек, ќе имаше сто и една дијагноза, од полови болести поради свингерајот, па респираторни проблеми поради токсицираноста со омраза, чиреви поради неправилна исхрана, тромбози, падавици и шизофрении. Вистински медицински феномен, жив мртовец, човек без душа, изнемоштен, на машини на интензивна нега, а во посета никој не му иде, оти многу згрешил пустиот, па е осуден да пати во сопствената агонија.

Пеницилинчиња требаат, ко блогерајот, ко гневниот граѓанин, ко една шака фацки од по медиумиве шо нема да ги спомнам, ама треба убаво пеницилинче, да се зарие во дупето на оваа трула јавна дебата, оти вака не оди на арно.

Ко некои клети бабишта (со должното почитување на моите две прекрасни баби и сите останати, простете ако ве навредувам), ко Зумбула, седнале нашиве колумнисти по ќошињата, се туфкаат, замотани во шамијата на лагата, а под шамијата парите, седат, мрчат, завиени у некое посткомунистичко као слободно мислење, колнат, ни сами не знаат што, тажат, лелекаат, фрлаат клетви, кудат све живо и диво, огин и пламен блујат, вршат тортура кон недолжниот зет, аждери, седнале и само стенкаат, пустелија леле синко шо не снајде! Така ли бе, баби едни? И оди преречи им, одма некоја од тие сочните „катран да јадиш та да се најадиш“.

Дабиња, загоре ајварот. Неможноста на нашиве Зумбули да се конфронтираат со јавното мислење, а не пак уште да спорат со него, ја отера дебатата ни јавна во мајчината. Размрсување на некои стари сметки, упорно перчење на суетите, ОоОоО тие семоќни суети, права Ахилова петица, мерење и премерување на истите со шублер, со шестар, со агломерче и слично. Па, водени од максимата „ја сум увек у право“ - изнесување сомнителни ставови, најчесто поткрепувајќи ги со некои петпарачки примери од тмурното секојдневие и срцепарачки патетики од траорните судбини на напатените... Е тоа се обично поентите на мадрфакерите од стручњаци. Со

нивните дипломи на мегдан упорно тераат некоиси схоластики, догми, па измислуваат аргументи, па сето тоа убаво спакувано му го нудат на граѓанинот.

А граѓанинот, пак, еднаш да надушка „субверзивност“ и чат-пат „естаблишмент“, се топи под елоквентноста на писецот и априорно го голта сервираното интелектуално... празнење. Нормално, тука се и одредени бозаџии и тулумбари, кои „не се устручаваат али онака јебитачно тоа го упражњаваат“ и „као градски уљудни фаци они уствари ги пропагираат урбаноста и антисељачизмот“. Но, тие се производ на популизмот и борбата со нив завршува кога ќе се вклучи модулот „игнорирај“.

И пак ќе се најде публика, да дроби како тоа „некој се осмелил“, како некој „си зел за право“ да лае и жржи, да девалвира еден цел екипаж од стројни мислители што го веслаат нашето бротче, кајче, сплавче, шо и да е, некаде низ морските мисловни океани и морињa. Е па, да го биваше екипажот, немаше да го изгубиме компасот па да залутаме, од бура во бура, па на крајот ко во „Авантурите на Гордон Пим“ на големиот По, да си се јадеме меѓусебе. Колумнистичко батаче, ребренца, десетка со кромид, прсти да лижеш.

Младите пеницилинчиња, драги мои бабиња и уште подраги „дебатерски“ испрани мозочиња, не лаат. Тие се запенети, во беснило, во гнев, тие се толку назабени, ко динго-кучишта, гризаат, тие не се хранат од кеш, не се хранат од фотелја или од привилегии. Да, тие се гладни, ама гладни се за вредност, за доблест, за човечност. Инстинктите и агресивноста на ентузијастите секогаш ќе бидат доминантни во поглед на профитерството и евтините политички памфлети, кои во моментов ја имаат во заложништво и јавната дебата, а богами и свеста на јавноста. Трезвеноста на оној што се посветува, на оној што го има гневот во себе е доблест; доблест што нема цена, доблест што е неизмерно поскапа од интелектуалните, квазиинтелектуалните и чаршиско-трачарските смукови, ќе најде начин и кога тогаш ќе излезе од сенките, од тоа црно заложништво. Нек ви се тресат гаќите, оти треба.

Она што го сведочиме во моментов е една јавна дебатна сцена, во која основни принципи се пуститe нискости, навредите ад хоминем, ад матер, ад фамилиас, предрасудите и стереотипите. И тоа е својствено и за бозаџиите и за читателите. Не се евалуираат ставови и идеологии, се евалуираат личности, и тоа на еден перфиден, подол начин, каде што не се пази ни на најосновните етички вредности, па од незнаење сите се однесуваат ко слонови у порцеланска продавница. Се дисквалификуваат априорно одредени ставови врз основа на одредени догми, се негираат туѓите мислења и се отфрлаат крајно дрско, она основно начело на меѓучовечката комуникација „сослушај го другиот“ како и да го нема, и на крајот, крајно непрофесионално, се манипулира со факти, со фразеологии и со суштини.

Е па, тоа треба да се лечи. Ко за почеток, пенецилинче. Препишано на рецепт, од Вуна Блогвински, скроластичарот.

19.03.2006

# SORBONNE VS. SILENT BOB

Минатиот викенд, освен смртта на Милошевиќ, во фокусот на светската јавност се најде една нова француска, условно кажано револуција, овојпат со епицентар во Сорбона, еден од најстарите и најпрофилираните универзитети, но и најбунтовните во Европа.

Носители на овој отпор против менувањето на законот за работни односи се токму Сорбонските студенти, кои заедно со синдикалците, работниците, просветарите и буквално секој кој е засегнат од законот чие спроведување е на повидок. Со тие промени, вработените до 26 години практично се оставени на милост и немилост на работодавците, а за младите општо, вработувањето станува уште понеизводливо (стапката на невработеност на младите до 26 години во Франција е околу 23 отсто, но во предградијата таа бројка е двојно или тројно поголема).

Протестите почнаа со заземање на Сорбона; а потоа се случи џандарски хорор, кога специјалните единици на француската полиција ги растеруваше разбунтуваните студенти. Пендреци, солзавци, крв, итна помош - само дел од глетката... Но, студентските протести не се никаква новина за Сорбона. Таму се протестираше и во легендарната 1968 (која е позната како најбунџиска година во поствоената историја).

Државата, со „брзата и одлучна акција", не успеа ни најмалку да ги спречи протестите што и натаму се случуваат. Тие ескалираа, веќе за пар денови (текстот е пишуван во вторник) имаме случај кога во протести низ цела Франција се вклучени илјадници студенти и засегнати граѓани, а од сите 84 француски универзитети досега се протестира во 62, од кои 50 се целосно окупирани.

Актуелноста на овој настан ќе ја искористам во еден друг контекст. Споменувајќи ја легендарната 1968 година, кога покрај истава Сорбона се тресеше целиот свет под крикот на младите идеалисти (без оглед што подоцна некои од нив деволуираа во волунтаристи, материјалисти, хедонисти, секакви - исти...), ќе се обидам да подразбудам една кај нас подзаспана студентарија што служи единствено како инвентар во „високообразовните институции"...

Високото образование е за никаде. Да, за никаде е. Имаме една перверзна ситуација каде што на државен универзитет, се плаќаат баснословни суми на име партиципација, се лижат таксени марки, се нема ни ред ни поредок.. а од друга страна, приватните универзитети ги јаде помрачина, тотално аут од секаков есап за некаква дискусија, толку транспарентни во својата нетранспарентност (со речникот на Алфите), нејќам ни да ги споменувам.

Целата таа концепција се руши. Трула е. Смрди. И сите ја осетиле дека смрди и никако не луфтираат. Попрво би да се загушат!

Уште еден настан за илустрација на потенцијалот на студентаријата, од поблиското минато и од малку подалечни предели, се протестите во Мексико, во 1999 година. Имено, цената на партиципацијата на УНАМ (државниот универзитет), од симболичните 2 цента беше крената на 150 долари по семестар, што беше примено со негодување и жесток отпор меѓу студентите. Следеа масовни протести, судири со полицијата и јадење ќотек, окупирање на факултетите, во времетраење од 10 месеци. Беа постигнати спогодби за клучното прашање, ама летаа глави од поставата на Зидило, се разрешија и многу споредни прашања околу студентскиот живот. На крајот, иако голем број од бунџиите изгубија по некој семестар, а дури 632 беа уапсени, овие протести останаа запаметени како успешен отпор против тоталитаристичките тенденции во образованието, ерго и во системот генерално земено.

Примерите од другите земји ги има многу. И ги знаеме, сведочиме за нив, но се некако ни се измолкнуваат во својата суштина. Прага, Берлин, Париз, Колумбија, Охајо - се се тоа места кои во историјата остануваат забележани, меѓу другото, и по жестоките протести, контрабанди, бунџии... Паѓале младите херои, и ќе паѓаат, поради тој пуст идеализам, кој нам ни е тотално непознат. Ко да ја заобиколиле земјичкава Марсовците, кога ги разнесувале бунџиите.

Во моето досегашно скромно искуство од семестар-и-пол како студент, јас не сум запознаен со студентските движења кај нас, од каков било тип. Ги нема, тие сојузи ко некои тајни братства или култови да се, никој не ги знае, не ги видел, дали се под земја, по пештери, во подруми, во фабрики, појма да се немало. Јавноста се прашува дали постојат, о тие „млади бунтовници“, сапунски патетики, младата интелигенција, шлаканицата на свеста... А таман ќе се откаже човек од секаква потрага по нив, ќе дојдат студентските избори и ќе излезе некој месија на вересија, со платформа, ќе се направат сто и едно сценарио околу местенки и опструкции, и полека, со тек на времето, се ќе си замре, мртвите души ќе си легнат у ковчегот, и никому ништо!

Гладувачите у Жена Парк, хамбургеров ми!

Најпогубно во целата ситуација е што кај студентаријата не постои интерес за подобрување на сопствената ситуација. Тие организации не постојат затоа што нема заинтересирани. Затоа што единствено може да се наиде на појави ко смукови што виткаат опашките и пред најминорен авторитет, некои пусти стравови, кукавичлук.. Од младост и полетност, наводно, некои доблести, некој прогресивен дух - ни знак. Теткици и чичиња заробени у млади тела, со душа колку оревче и со мотив едно денарче. Мизерија.

А сепак, сите кукаат. Те ова не чини, те законот не бил добар, те реформите многу европски, па скапо било, па се чекало, па покривот капел, па што ти јас знам... Непотпишани петиции, тапи погледи ко телиња, ко волиња, ко бездушни магарици, шо ги јава апокалипсата, а нив им тежи, пустите, на плеќи! Колеги, мај ес колеги, колеги за пиење и кршење флаши под опиумот наречен Цеца, колеги кога треба „јазично да се чисти нечиј ректум од многу интелектуални хемороиди“, ама колеги кога е густо - нема! Пак тие тупите погледи, чат-пат осмех под брк у стил „на комшијата козата, и прчот, и офцата“, а сопствената офца, што ја гледа у огледало насабајле, е таа не! Јаз'к, ко ќе ми текне, може треба уште повисоки цени, уште понеповолни услови и уште повеќе агонија. К-15 на умот и душата, студентаријо, клета да останеш. Налет и студентски сојузи, хордати, паразити, полтрони и мекотели, налет се!

Во принцип, младината, студентите, младата интелигенција (или вонаби интелигенција, или параинтелигенција или што и да е), секогаш, ама секогаш треба да биде организирана, да изрази сопствен став и ако постои одреден вакуум, веднаш да настапи и да го заземе своето место. Постојат некои општи интереси, да речеме, во поглед на квалитетот и концепцијата на високото образование, или надвор од него; буквално, во една дувни-еби-шмркниветарска политичка ситуација, не смее да се дозволи една толку битна социјална група да биде летаргична, апатична и улежана до степен на мртвило. Сами си се нокаутирате бе, „колеги“!

На страна и солидарност, и прогресивност, и интереси, бар кажете го она што по ходници нон-стоп го шепкате, скришно, да не ве чуе големиот брат. Едно хорче да формирате, ебаве, бескичмењаците ебаве, со чест на исклучоци, а јас да се дистанцирам, нормално, да не ме судите за еготрипање.

И најлошото сценарио...мене да ми се случи една „Сорбона бикарбона“, уште некој да го јаде помрачина, а другите да продолжат со екстремно мазохистичкиот комформизам. Што значи, полошо од тоа што е сега, горе долу, не може ни да биде. А да се чуе

омладината пуста, па тоа е сосем нормално за секое здраво општество. Дури и да се влезе во дијалог со неа. Ама симптоматично е кога таа е ќутлива. Да не си помисли некој дека ја нема, па да ја испушти во своите калкулации.

26.03.2006

# ВО НАШИОТ СОН

Не треба човек да е Сашо Фактор Икс за да предвиди што ни доаѓа во блиска иднина. Маркетинг, кампањи, плукање, промоции, малверзации, пенетрации, мачкање очи. . . , брашно, зејтин, шеќер. . . секс?! Мозочен секс?! Во малиот, во големиот, во 'рбетниот. . секс до смрт!! Периодот што следи ќе пројде во знакот на патриотизмот; стручноста; заслугите; а веројатно и херојствата на испраните партиски умови (?!). Ма нека пројде само!

Порано се имав заречено дека за избори нема да пишувам. Делумно го кршам ветувањето, пишувајќи против нив.

Изборите, особено овие парламентарните, ги доживувам како една голема крвава македонска свадба, на комшијата од карши, проследена со хардкор лимен оркестар, наџиџани коли со машна на хауба, гости дури и од дијаспората, певаљки - песнопојки, попови, стилисти, тостери, ма со сите нишани, со целата младоженска свита и невестинска гарда, девери, сватови, старосватици и ним слични родови и чинови. А такви свадби ми се мрски од дното на душата! Као младенци, стапињаат на „лудиот камен“, да не ги именувам, носители на листи, си мењаат прстени, а потоа и лиги за у добро и у зло, накапени со темјанот од кандилцето на попот. . . , па вечерта бурна, прва брачна ноќ, па скината е, па не е, крв на чаршафот, местено е, не е местено..., па преку таквото, избори.

Изборите се напаст, окупација на секој минимален вакуум од здрав разум, на кој ќе наидат. Ќе ги окупираат првин весниците. Еве, го окупираа моето катче за оваа недела. И после тоа ин ноутајм ќе ги запоседнат сите медиуми, печатени и електронски, независни и зависни, владини и невладини, стратешки и набљудувачки..., ќе ги залепат на билбордите, тазе искречените ѕидови, ќе се замешаат домаќинките и домаќините од градовите, предградијата, селата, нивите, шумите и буките... и верверичките, па и кртовите ќе почнат да пулсираат во тактот на параизборното и надридемократичното секојдневие што допрва доаѓа.

Мечките од зимскиот сон ќе станат да лепат плакати со мед, волците ќе завиваат во седумосминските партиски тактови, за на крај сдсОВЦИТЕ и вмрОВЦИТЕ да почнат да блеат ко трлата, бачилата и полјаните, спремни за шишање во следниот мандат.
На крајот, секој од нас ќе биде прогонуван од клонираниот чичко на плакатите - црвени, сини и „шарени“... и ќе дојдат каде што не се повикани, во нашите сништа, кошмари, ноќни мори. . . баш како во песната.

Како политичко сираче, едвај чекам првпат да го искористам моето право да не пратам ливче во Пандорината кутија во месната заедница... Едвај чекам тоа неделно претпладне да се опрчам низ куќа или да прошетам надвор, да не глеам, да не мислам и да не се преокупирам со тој автодеструктивен чин.

Изборите, кај нас, веројатно се шансата за најголемите шупаци да ја завладеат широката маса. Нормално, „није битна идеологија, битна је биологија, битна је генетика.. (Едо Маајка)“, битно е да се има и херменевтика при консумирањето на платената и неплатената политичка пропаганда, да се избегне замката наречена гласачко ливче. Тотално пореметен барометар, тотално изгубен политички компас. И одбивам да пуштам ливче, бар важечко. Затоа што, гласајќи за змијата или магарето се прави чекор кон работ, каде ирационалното го среќава реалното, глупиот станува моќен и неспособниот станува овластен. „Демократскиот и плуралистички биг бенг“ што се случи во оваа земјичка пред 15 години, придонесе од таа прото-тестеста материја да се измеси една скапана квази политичка сцена, на која дефиле имаат карикатурални ликови без никаков кредибилитет и легитимност. И најтрагично е што плакатите, топтан

со ликовите, т.е. карикатурите, алчни и бедни, треба да ве претставуваат вас, граѓани и граѓанки... вашите трибуни, вашите застапници.

Не можејќи да издржам пред налетите на дневнополитичката промаја, го дадов мојот придонес во „блогерите за изборите“. За крај, еден извадок од прирачниците, т.е...аНТИпамфлетчињата на најдобро рангираниот наш блогер на Технорати -. аНТИ: „не гледајте телевизија, не читајте весници, не потпаѓајте под влијание, а кога ќе ве прашаат 'за кого сте', навредете се“. Затоа што навредливо е оние параспури и расипикуќи да се декларираат дека го застапуваат мојот или чиј било интерес.

02.04.2006

## БЛОГОЧОВЕКОТ

Го зеде чадорот, пола човек - пола блогер, и таков, сет растреперен; испотен; изгубен во брановите адреналин се џитна од кровот на блогераната.
На кровот, седеа штрковите, играјќи табла се договараа кога да ги разнесуваат бебињата. Еден, со блед клун, се закашла, страотно, а другите се испаничија - пилешки грип, можеби?! Ха, блогочовекот одамна ја искоби трагичната судбина, цитирам „ќе умреме сите, а телата ќе ни ги редат по Партизанска, во црни вреќи, закупувајте луѓе плацеви, закупувајте облачиња, ангели, резервирајте попови и кандила, се ближи денот Д!“.
А фрчеа хеликоптери, авиони, ловци, завери - косата му ја дуваа преку лицето. . . Тоа беа специјалните единици на МВР, кои откако маестрално го сузбија уличниот криминал, ги испоапсија сите траварчиња, или хипотетички траварчиња, решија да придонесат нешто за општото добро. . . да, со тешка артилерија удрија на птичурините, како надополна на сета здравствена превенција која беше презедена. . . тука се потсети блогочовекот да си го почеша рамото, бидејќи цело време го дразнеше белегот од вакцината која ја прими пред некој ден.
Но, да не должам многу. Ова дејствие се одвива многу побргу одошто вие читате, односно скролате.

Чадорчето убаво му фаќаше сенка, кога веќе на поткровјето виде како еден копиљ брише тазе засушена сперма од прозорот. „Мора да е Секула Теонаничарот, шо ја глеал Силвија Сеинт“. На цела библиотека книгишта, со бесконечни рафтови, тој направил Силвин култ, богињата му, а и молитви кажувал, свеќи палел за нејзино здравје и негова среќа, и обавувал ритуали. Духовен човек, нема што. Но, дојде редот и на Секулата пусти, па конечно се свестил, ја запалил крштеницата, и си го оправдал името.
Се присети на таа мрежа од идеи блогочовекот, додека го шибаа ветровите... му текна и на словото Бложје, и на скроластичарите; му текна и на „Револуционерниот катехизам“, и на кладите, инквизициите, расколниците и членот 19 од Уставот, сосе амандманите. „Најубаво да си паѓам“, си помисли, оти му се стемни пред очи од светлината на крстот. И така, протнувајќи се меѓу п(р)остираниот веш на балконите и сателитските антени, вешто избегнувајќи ги мокрите чорапи и рѓосаните шпицеви, ѕирна кај Вештакот низ прозор, и ко да види, шо да види. Седнал Вештакот, распослал книгиштата, подвлекуе со дреч розев маркер, фаќа белешки, буба. . . му тече крв од нос, од уши, али Дувлото бе Вештаче, налага да бубаш... и од сите распослани лисја, око му фати само корицата, а таму, болдирано, читко напишано „издадено 1959“, реиздадено 1973“, онака, по европски теркови и со европски шмек. Реформа (б)е_ бате, на целиот дувлест образовен систем, со учебници од непретенциозно кажано - минатото. И да е само тоа, лесно би било - со сите маани и недостатоци, во улогата на Тивкиот Боб во оштествената пародија, студентаријата му, верните колеги, никој не ги есапеше за битни, па дури ни самите себеси. Ко го фати блогочовеков, еден срам, црвен у образите, едно непријатно, незгодно, одма сврте поглед.

А тука до него, во радиус од два метра од чадорчето, етноцентристите маскирани во дебили, малтретираа еден друг копиљ. Им звучел влашки, па му го удриле ќотекот за економскиот лупинг. . . ништо лично, чисто политички. Ил националистички, псевдопатриотски, чистокрвно-македонски? Ко да се виде сам ко копиљ. . . „Ајде, а Влав, а Ќелепур, исто ти се фаќа“, горко си шепна. .
Одеднаш го заглуше тупа музика. Некои ориентални/егзотични/електро звуци. . . проткаени со милозвучно завивање и јодлање на накитена певаљка. . . ах, да не би го држел чадорчето, имаше да дигне раце, да се разигра, ќе праеше „акробации на шести“. Највеќе што можеше да стори, беше да направи жалосна гримаса, со траорен поглед и набрани веѓи. . . и да се покака, оти таа разнебитувачка музика многу лесно влијае на слаба столица ко неговата.

Уф, таа Цеца, клучен збор во сите пребарувања, на врвот од топ-листите, индексиран безброј пати, се во тој еден исти контекст - ко да му стана навика! И тоа може, влијаеше на неговата проста душа да се осмели со првенчето да дирне длабоко во кафанскиот дух, некаде измеѓу скршените срчи и запенетите пазуви, за да му се свети така немилосрдно, да го обвинат за тривијален патриотизам и незрела критика (?!).

Неговата субверзија, оставена на милоста и немилоста на чадорчето, пак го имаше статусот на погон; на двигател во неговата душа. Знаела таа да биде камуфлирана во иронија или цинизам; или надреалистички обид; дури и игра на зборови; но неколкупати била толку искрена и горка, толку силна, висококалорична - што народот дури и не ја препознавал, барајќи ја корупцијата под дрво и под камен. Од што не можеле да ги поврзат дадените точки, ги земале дрвата и камењата, и фрлиле право на блогочовекот, а овој не мрдал, храбар и издркан ко Артур Дент, и благодарејќи и на неверојатноста, преживеал.
Преживеал бре, без гребнатинка, оти луѓето со крива рака и лоша перцепција, наместо кон него, дрвата и камењата ги фрлиле кон сами себе. Ад хоминем бумеранг!

И така, додека ајкулите се мреста во мезанинот, а Купусот се давеше во сопствената расолница, му се привиде на блогочовекот забавена снимка од двобојот со детергентот, и сфати дека со спуштен гард во таков дуел не се влегува. Сакајќи да го издвои партиското од политичкото, пропагирајќи опција, се судри со Герогиј и нихилистите, бели скулптури во најцрн облик. И немаше да биде се толку трагично ако не ја прифатеше нивната тактика; наместо работа со нозете, цупкаше две напред, три назад; наместо остра левица, сакаше да оди со десно кроше. Технички нокаут, два заба расклатени и жилети под окото. . . динг, динг.
И така лека полека, со чадорчето во рака, се приближуваше кон тротоарот човекоблогерот - блогочовекот. . . веќе можеше да се надуши смрдеата од контејнерите. . . веќе, на нултото ниво, на приземјето, можеше слободно да се впушти во јавната дебата, која толку остро ја беше зел на пик, дрско и без скрупули. . . одма бе да се соочи со назабените олоши, со профитерите и платениците. Наостри перото, си ја навре наметката и го фрли чадорчето во контејнерите, покрај остатоците од некоја книга. . . се почеша меѓу нозете, плукна, ја залижа видно измрсената косичка наназад и свиркајќи си шеткаше по улицата. . . сосема безгрижно, сосема опуштено, затоа што никој го немаше откриено криптонитот дотогаш.

09.04.2006

# БЛОГОЛОМ

За да се доведе Блогочовекот на дереџе да чека Памели да го спашаваат; некој да му фрли гума во водата; треба да има фатено грч, да не може сам да исплива од неа. Он, со лаптопот или на него, ко Спартанците со штитот, и тера низ ладните морињa! Замислете една сцена од „Титаник“, богатите ги буткаат сиромавите од чамците, па љубовта преовладува, бла бла...
Глеа Блогочовекот, у водата, од негде испливува ајкула (не онаа што се мрестеше во мезанинот, оваа некоја егзотична, со два реди зуби, капиталиста!) - шо да праи пустиот?! Вади харпун, нема простор за многу стратегии... прашање на живот или смрт! Не е Блогочовекот харинга, он е јастог - со тоа клештите ко ќе потфати, и тастатура и маус се топи у нив! Туку, бап харпунот во целта, на место ја остави.
А ајкулата, злочеста по дифолт, демантирала: демек тоа нешто на што не научи поп-културата - зашо бе секогаш тие мили гигантски рипчиња се намуртени и назабени?! - во Хавајската митологија божество била, Аумакуа, чувар на морињата, а кај одредени племиња постоел бог-ајкула Дакуванга, што ги јаде изгубените души (политичари, пазете се, иде ајкулата!) и оставил пред умирање аманет децата да бегаат од него, оти кобен бил за родот нивен...

Нашиов херој, храбар, тепајќи богови и блогови, секогаш им пркосел и на ајкулчињата и на сите останати лошотии. Откако ја истепа пустата, разгледа наоколу, и глеа хаварија; луѓе се уште рипаат од палубите, жени вриштат, летаат куфери... радничка класа, бизнис, А или Б, ирелевантно бар навидум, сите у ладното водиште, со се на нив. Заеби бре метафора, ова е „ситуација“ - мократа груда на Кејт Винслет. Се тепаат меѓу себе, крвишта... и како после да не дојдат ајкули?!
Тој на „Титаник“ беше сместен у блогерската класа, со лаптопот у скут и со безжична конекција; во моментот кога пукнаа цевките, си го средуваше темплејтот и баш сакаше да постира нешто ново. Кога одеднаш се чу сигналот за тревога, веднаш си го зачува постот за подоцна, лаптопот под мишка и правец накај платформата. Можеше да биде пострашно - што ако сантата беше поставена само пар метри „понаваму“, па да ја поткачеа непосредно при самото објавување, па целиот процес да му се изјаловеше?! Марфи бре, кој кого заеба?!
Додека трчаше избезумен по ходниците, му засветкаа сијаличките - дали се криви можеби стражарите што не го видоа подводното карпиште, толку гломазно... дали е крив капетанот, кој ќор пијан или воден од некој друг интерес (намештаљка а?! конспиративни теории за почетници!) успеа да го забатали кормилото или пак скептички да кажам - намерно го усмери?! Признај, говедо!

А мож и то ајкулите (што хронолошки уствари доаѓаат попосле) имаа замешано прсти; тие богови, ил Посејдон; или пак таму некој, источен?! Им се настрвиле да ги гонат, анатемисани, проклети... мислите му фрчеа на два гигахерци, и баш му беше криво што мораше да се спасува, и не можеше во своето блогерско тефтерче да запише, бар накусо, едно плотче шо натака би го пренел на своето високоценето кибер катче.
И ете го одеднаш во водата, го фрлија ко партал, го џиткосаа, да се тепа со ајкули и останатата океанска фауна, што капиталисти, што шпиуни, изложен сам на себе. . . ко у видеоигра, само што сега има еден живот и драстично помала лента со енергија. Да преживуе обесен на својот лаптоп...
Мрвките околу него, што други блогочовеци, што 3-де човеци, додека протагонистов пливуцкаше со лаптопот, се тепаа за место плус/минус во чамците. Слободен пазар на места ебате, непосредна размена, некои шубе односи на доверба и недоверба, живот да ти се згади, преку тоа пазарната парадигма. Се дешаваше, по некој разбојник, гусар, да запоседне чамче или сплавче, кои беа значително дефицитарни, и да се куроперчи, качен на крмата, да прави лицитација за место... доле, пак, во водата, се давеа меѓусебно овие, пациентиве, се тепаа со весла, се гризаа и гребеа... а на никој не му текна да му го пукне веслото од глаа на апашот!

А водата ладна, мадиња прскаат! Џамлиичиња, порцеланки! Блогочовекот, се уште присебен после тоа ајкулата, виде не виде, многу гужва по чамциве, ај си вика, шо да праам, ко демек алтернативно решение, ќе пливам. . . со лаптопот, се разбира, па ако негде начека нешо конекција, од некоја електрична ража, ќе фати ќе блогира, СОС, вамте, тамте. . . И пливал, иако не потекнуел од Охрид, се држел јако. . . пливал БлогоКлиме, со рацете малку. Али океан не е езеро! Па го надвјасале брановите и подводните струи, го отерале далеку, али чиста среќа шо ете ајкулите го имаа оставено на раат...

Ете го, некако, Блогочовекот на скопскиот асфалт... баш давеник, издрпан, иструлен, со морска вода у белите дробови... го шамараат на тротоарот од карши, го стискаат, го освестуваат... се обидуваат да му го вратат и помнењето иако тој тврди дека никогаш не го загубил; да, тој памети што беше демократија, памети што беше глобализација, не му требаат нови дефиниции, не му требаат прирачници и цитати, теоретичари, за да му го вратат помнењето. Тие му требаат само да му укажат што испуштил, како кога во секоја епизода на „Касандра“ дава резиме на претходната, како вовед...

16.04.2006

## BREAKING NEWS IN MY SHOES

Денес, во населбата Хшоунж во главниот град, 35-годишната Перса, фрлајќи ја својата влошка во тоалетната школка, видела нагло надоаѓање на водата - вистински водоскок. Во паника ги известила дежурните служби, но поради блокадите на некое граѓанско здружение, тие не беа во можност да пробијат до местото на трагичниот настан. Во меѓувреме, цевките во споменатата повеќекатница испукале, при што се случи огромна поплава. Прва жртва беше комшијата на Перса, Цимпе, кој од преголемо количество алкохол почувствувал силни тегоби и морал да поврати во тоалетот. Но, поради лошото пијанство, тој заспал на работ на школката, и кога се случила несреќата бил погоден од плочките што паѓале од ѕидовите, при што претрпел фатални повреди. Другите две жртви се малолетните Ш.Е. и Ѕ.Љ., кои во времето на несреќата учествувале во полов акт со куче во кадата во станот на Ш.Е. Кучето ја искористило паниката која ги зафатила момчињата поради надоаѓањето на водата, се оттргнало од нив и ги изгризало до смрт.

Набргу, водата ги поплавила целосно сите станови во споменатата дијагонала. Дополнителна опасност претставува тоа што во станот на еден од жртвите слободно плива ајкула, која тој ја чувал во сопствената када. Причинета е огромна материјална штета, а уште девет лица се заглавени во поткровјето на зградата, но не сакаат да се симнат бидејќи им е страв од ајкулата.

Се шпекулира дека причинител на овој немил настан е дотраената санитарна мрежа во Хшоунж, и дека за тоа ќе бидат поднесени неколку акти против неодговорниот градоначалник. Исто така, последици ќе снесе и хигиеничарската служба, бидејќи нивна задача е отпушување на каналот, а нашите камери регистрираа влошки, пелени, мртва мачка и пар ќеси полни ѓубре во истиот.

Граѓаните, според нашиот извор, се наоѓаат во шок и се уште чекаат да пристигнат дежурните служби, кои, како што дознаваме, за скоро време би требало да ги поминат блокадите во центарот на градот. Куќниот совет свика вонредна седница и побара да биде примен во кабинетот на премиерот. Тој, пак, во моментов е во Мрзенци на јагнешко печење со својата Влада, и се огради од секаква одговорност и децидно одби да ја напушти седницата под образложение дека јагнето било многу мрсно, со негови зборови „го сотрело“.

Затоа, пак, се огласи опозицијата, на вонредна седница, на која изјавија дека ова е уште еден во низата трагични настани за време на владеењето на „овие“, и дека тие ќе се обидат да им помогнат на жртвите, што не треба да се сфати како политички маркетинг, туку како израз на солидарност спрема своите сограѓани.

Во моментов, во НВО-центарот се одржува прес-конференција на неколку организации.

* * *

Драмата што настана во скопската повеќекатница, во која загинаа три лица, меѓу кои две деца, се повеќе се замрсува. Засегнати се повеќе и повеќе граѓани, меѓу кои и познатите членови на влашкото лоби Лажнар и Концепти. Дополнителни грижи создава ајкулата на еден од станарите, која слободно пливаше цел ден низ зградата, за на крајот да се заглави во мезанинот меѓу третиот и четвртиот кат.

Поплавата која настана во една повеќекатница на периферијата на главниот град, во населбата Хшоунж, наместо да го дочека својот епилог, повеќе делува како пролог во еден наш Вотергејт.

Поручекта телата на починатите беа тргнати од купот мебел од становите, и се чека некој да ги земе и да ги однесе на обдукција во Државната болница. „Ако не денес, тогаш сигурно утре ќе биде“, ни јавија од таму.

Инаку, на вчерашниот прес во НВО- ентарот, активистите за слободата на сексуалноста излегоа со соопштение дека двајцата хомосексуалци заглавени меѓу деветтемина во поткровјето, кои, од страв од ајкулата што плива во мезанинот меѓу трети и четврти, биле предмет на вербална тортура. Тие ќе поднесат пријави против седумтемина хомофоби од поткровјето.

Комитетот за човекови права засега е резервиран. Тие ќе се огласат во соопштението на крајот на месецот. Единствено изразија загриженост околу потенцијалното насилство врз жените кои фрлале влошки во клозетите, бидејќи наводно се јавиле неколку анонимни граѓани кои директно ги обвинија Перса и комшиките за запушувањето на санитарниот чвор што предизвика таква застрашувачка поплава.

Интернетџиите, пак, соопштија дека зградата, во која живеат дури петмина блогери, била значаен бастион на интернет-пенетрацијата во земјата, па сега со наводнувањето и следствено, расипувањето на нивните модеми, целиот тој процес се враќа чекор наназад.

Вечерта, по пресот на НВ Организации, некаде пред полноќ, стигна и реакција од штабот на партијата на Албанците. Имено, од сите станови, втора по значителност штета претрпел станот на единственото албанско семејство, под сомнителни околности. Затоа, нивниот претседател смета дека сето тоа е заговор и разработена тактика за нарушување на етничката хармонија во маалото и дека е уште една провокација од страна на националистите.

Други контроверзии предизвика и соопштението на радикалите, кои посочија дека единствен ненатопен стан во зградата е станот на влашкиот бизнисмен Концепти. Станот се наоѓа на третиот кат, а единствена штета што ја претрпел е изгребаната влезна врата поради налетите од страна на гладната ајкула, која, како што наведовме, се мрести во мезанинот.

Сабајлето се случија низа нови настани кои ги замрсија конците. Куќниот совет, на чело со Персеј Македонски (инаку сопруг на споменатата Перса, која всушност беше првата жртва на оваа катастрофа, а е осомничена за несовесно фрлање на влошки во тоалетот, а доколку тоа е вистина, таа е и еден од причинителите на оваа трагедија), поднесе барање до осигурителната компанија за исплаќање на отштета од 38,62 милијарди евра. Вистинска контроверза настана кога се откри дека во барањето, како повод се наведува „пожар“, а не „поплава“, за што куќниот совет го обвини адвокатот Лажнар, инаку истакнат член на влашкото лоби во оваа земја, и соработник на ненатопениот Концепти. Персеј и останатите наведуваат дека тој сака да ја заврти целата ситуација во друг правец, при што би извлекол сопствена корист. Затоа ги оставил граѓаните сами да го изготват актот, при што тие од разбирливи причини, сосема случајно го погрешиле клучниот збор. Лажнар беше недостапен за информација.

Инаку, денеска конечно заврши фарсата со итните служби. По неколкучасовни преговори со граѓаните кои го закрчија градскиот сообраќај, тие успеаја да ги поминат блокадите на мостот во центарот на градот и околу 16.15 веќе беа на улица Будевајн Зенден, пред дворот претворен во базен каде што замотани во пешкири, фротирки и завеси ги чекаа потресените граѓани, сведоци на најголемиот потоп после Библискиот.

За утре е закажан состанок на Владата, која од Мрзенци замина на шопинг во Солун.

Исто така, повеќе поп-ѕвезди, меѓу кои и тинејџерската атракција Ноне, најавија дека ќе организираат акција на која ќе испеат по некоја песна и ќе поделат по некој пакет хуманитарна помош за настраданите.

Кај жртвите владее страв од ширење зарази од фекалиите кои ги има во значителен број во истечената вода. Тие рекоа дека ќе се обратат и до Европа и до Обединетите нации.

* * *

Имено, зградата во Хшоунж, Скопје, и натаму е под вода, а граѓаните мака мачат со правните служби. Секојдневно се дознаваат нови детали околу непотопениот стан на влашкиот бизнисмен Концепти и дубарите на неговиот соработник, адвокатот од истата провениенција, Лажнар.

Сепак, случајот веројатно се придвижи во правилна насока, кога специјалната нуркачка единица на полицијата „Планктон“, ја презеде ситуацијата. Имено, по наредба од министерот, тие презедоа брза и одлучна акција во која се истакна младиот Санде Кртина. Тој, вооружен со харпун, храбро и се приближи на ајкулата што беше на среде мрестење во мезанинот, и од врвот на скалите и упати смртоносен удар, право во срцето. Неговиот харпун ќе биде повлечен од употреба и ќе биде сместен во Градскиот музеј, како трет по важност предмет за Македонија, по Цреoriginalшовото топче и мојата тастатура.

По повод големиот подвиг, Санде ни изјави:

„Ја стресов, матер и ебав!“ (мислејќи на ајкулата, и како тој го доживеал задавањето на смртоносниот удар).

Во зградата на улица Будевајн Зенден, сега се преземаат крајните подготовки за испумпување на водата од становите и останатите простории. Како што бевме информирани, пумпите од САД веќе се испратени со брод, а до Први мај ќе бидат на некој од граничните премини, кога делегација предводена од Претседателот, ќе оди свечено да ги подигне и притоа ќе се одржи пригоден шопинг во тамошниот фри-шоп.

Со повеќе информации, би требало да се јавиме во блиска иднина, доколку случајот не се заташка.

(забелешка: секоја сличност со реалноста, се разбира, е ненамерна)

23.04.2006

## СЕКУЛА ОКСИМОРОНОТ

Синоќа Секула Теонаничарот се скина од молење..абе, френулуми летаат, Сеинт (Силвија) се возвишува и опејува уз френетични крикови, тука вештери у црни мантии нешо ќатат со плодилата, темјани ли се, ил сакрален секрет... имплементирање на најновата Хај Дефинишн ДиВиДи технологија во верски (а можеби и пагански) обред...

Култот на Силвија, да и се молам!

По некои пет стиха од задната корица на опаковката на календарчето, со крст, му стаса порака „ајде бе, веќе пиеме пиво". Успаничен, Секо, на врат - на нос, навре празничните панталончиња, трегерите и собра нешто ситно од старите. На празник, да се чествува и причестува, со јајцето на мегдан и исецканата марула а.к.а Мимоза. И иде Секо, од дома кон анаграмот Кварц, со жар во очите и мед во ушите.

И покрај жарот во очите, го здогледа старецот на тротоарот, и покрај медот, успеа да се дослушне сам себе кога му дофрли на полуизнемоштен чика, на бастун:

- Чуј, еј, Џизс воскресе, стари... - онака, да зачува што знам ти некоја традиција (макар што у принцип никогаш не поштувал континуитети, ниту конвенционалност, ниту некакви шаблони), вешто склопувајќи еден арго архи адет...

- Ве лажат бе... само промукна дедото..

Ебате глупиот старец, требаше да му удри ќотек... ко неговите предци, дванаес пути шо го мавнаат ќотекот, трансконтинентално, транцивилизациски, само друг старец беше у питање. Секула, сепак не беше номен ест омен во овој случај, беше духовен тип, ем пироман што ужива во перверзни вексинг ситуации. А пред него - толпа соиграчи, едно големо убаво стадо, крдо, сите со заеднички интереси и покрај различниот бекграунд.

На големи празнини, за време на тешки празници, изгледа обичај е во неговото опкружување да се фузираат различни таргет групи. Крусифицирани деколтеа, сочни гради заробуваат крстови, ги држат во заложништво... една вистинска постмодерна глетка, вештачки нокти грепкаат восок од свеќите, а восокот еротски лизга по свеќата... чат пат светнува по некое грисинче испод мини сукњата, дал депилирано, дал бричено... од уметнички аспект, импонира играњето со боите и контрастите, црна танга на бел минич и мрежеста чорапа... и обратно, бела танга на црн минич со подвезици.

И во една таква играрија на музите и криза на идентитетите, Секула ни крив ни дужен се најде во многу неблагодарна позиција: од една страна го заплисна топлината и аромата на свежо запечено свинче... од друга страна почувствува феромонски дразби... но, најсилна беше неговата перцепција која улови еден крст-нозе-седнат пубис, кој во многу го потсетуваше на патронажната Сеинт-ица Силвија. Воден од импулсот на натприродното, забележа како во него проработуваат одредени (мрачни) нагони, кои го обземаа баш ко да го опишал Гете во „Фауст".

„Дали онанијата на овој ден е велик грев?!" - одеднаш проструе суштинското прашање, кое беше права дијагонала меѓу биологијата и теологијата... Дали можеби крст-нозе-седнатиот пубис беше крајно рустикална глетка, ил дефилето на брадестите проповедници му будеше грижа на совест, не знам, но Секула машки одолеа на предизвикот и рече дека ќе се стрпи, бар додека не се скршат првите јајца и дур не се испилат првите кокошки вон религиозната атмосфера.

Сепак, ова навидум блудно откритие, веднаш го насочи накај древните апокрифи, веројатно со пареншал адвајзори за експлицитна содржина, на хипотетичките ритуали и обреди, за него еквивалентни на халуцинации по својата силина, и уште толку ја здрма неговата, да напоменеме, фрагилна психа. Момакот беше спремен и на потешки искушенија во име на некои таму си гласови, па дури и да се вклучи во потрагата по светиот Грал, што укажува на целата контрадикторност во која всушност тој навлезе.

Сепак, ореолот на чесноста преовладува во тешките моменти... одеднаш, со помош на Неговата рака, здрма Цеца, со благопријатна нумера, феромоните од под пазува спонтано ги придвижија рацете нагоре, се загрлија Искариот и другарите, свртеа едно девет круга, се измеша и рај и пекол... Се крстеа, се фаќаа за газови, се штипеа за образи...

Далеку некаде, одѕвонуваше ехото на клети Петар... „Абе ве лажат“.

07.05.2006

# DARK AGES

Низ темницата по скопските улици шета Доушникот, облечен во кафена кабаница, со долг стап во раката. Мољња го осветлува неговото лице, додека тропа на портите кај Кметот, доволно колку да се види неговата полуштрбава насмевка и кметовата рака, која од спротивната страна дотура ќесенце со монети..
После долг период на дефетистичко туфкање вамте-тамте, стрелката на компасот конечно покажа каде сме, а и каде одиме. Темното Доба, почитувани, низ шумските патчиња и бодликавите трња, по калта и камењата. Јасно зацртана агенда на средновековни интеграции.
Еве еден кус рекапитулар за големиот напредок во процесите на повеќе полиња.

**Темницата и гладот**

По продажбата на ЕСМ и информациите за недостиг од електрична енергија, веќе почнаа да се шират сценарија за евентуални рецесии, за тотално снемување струја и што ли уште не (веројатно последните обиди ќе бидат вртеАње статичен точак приклучен за генератор). Едноставно, совршено за приказната „Средновековна Македонија“. И онака на народот и не му треба баш да му ги качат сметките или да му снема струја за да му се стемни.
Што се однесува до гладот, тој веќе е присутен меѓу голем дел од населението, и тоа е за поздрав. Што се однесува до идните потези во овој домен, мое мислење е дека би требало да се влошат условите во сите сфери на општеството, за да се предизвикаат таканаречени „штрајкови со глад“, како засегнатите јавно би истапиле со гладување, и со тоа транспарентно и недвосмислено ќе му покажеме на светот дека се повеќе луѓе патат за храна, а со тоа ни се олеснува транзитот во Темната Доба.

**Хигиена**

На планот на хигиената, може да се пофалиме со одлични резултати, кои ги имаме постигнато уште од поодамна. Имено, ѓубрето е се порасфрлано на сокачињата, реките се загадени, санитаријата е за нигде (а во некои места имаме дури и септички јами), имаме кучиња0скитници (трејдмарк на градовите во Средниот Век), имаме и огромни депонии во населените места, што е погодно за ширење зарази.

**Чума**

Во секоја добра приказна од Дарк Ејџис мора видно место да и се додели на нејзината црност, чумата. Чума се уште немаме, ама за среќа имаме птичји грип. Кога ќе се оствари сценариото за масовна умирачка, редење на мртвите тела на Партизанска и нивно масовно спалување (и евентуално после да ги собираат со багер), се добива речиси совршена компензација за чумата.
Властите единствено не би требало да го известуваат народот, за што е можно повеќе од обичните смртници да бидат заразени и да испоумрат, како би се оретчило населението, а со тоа и нивните проблеми. Па сите големи градови се справувале со чумата, на пример преубавата Фиренца... Еве, уште од сега се пријавувам за улогата на Бокачо и прифаќам да го напишам овдешниот Декамерон.

**Инквизиција и власт на Црквата**

Во градот под Крстот имаме една таква ситуација, во која социјалните услови се под секоја граница на достоинството, разумот одамна го има напуштено овдешното население, па затоа многу е лесно да се создаде „стадото“, кое и тоа како чека да биде управувано од Пастирите... и така, доаѓаме до ситуација на масовно кршење јајца, бркање расколници, а очекувам скоро да се почне со бркање на вештерки и еретици.

Нормално, што поскоро треба да се почне и со веронаука во училиштата. Со востановувањето на институцијата „домашни порноклипови“ (како Северина), сега многу полесно се открива содомијата... верници, пазете се!
Во прилог на процесот на инквизицијата оди и големото достигнување на државата во поглед на тотално разнебитување на образовната, културната и научната сфера, што е толку успешно, та дури и делува како планско заглупавување на народот. Тоа е позитивно за зголемувањето на власта на Црквата, во смисла на попуштањето на световното и профаното поради експанзијата и доминацијата на духовното и светото. А со оглед на присуството на муслимани во земјава (некои од нив патем и добро ситуирани), може комотно да се преземат и пар крстоносни војни, како би се зачувал континуитетот на крвопролевање на овие простори (што е исто така битно за интегрирање во Средновековието).

**Крвопролевањето**

Кога веќе зборуваме за преземањето на походи, како белег на нашата цел - Дарк Ејџис, мора да напомeнеме дека и во оваа сфера досегашните власти не потфрлија - извршија одлични подготовки на теренот за една фина повеќегодишна војна, поделба на кнежества и стотици жртви. Имено, тие доста успешно ги поделија жителите (многу е важно да напомeнеме дека тука нема граѓани) на два главни клана (и тоа со убави, расни симболи - едните рози, ко Војните на Розите во Англија, другите лавови, исто симбол со долга традиција)... видно меѓусебно нафурани... па земете бре веќе еднаш стаповите, вилите, мачевите, копјата и факлите, и јуриш едни на други! Во име на напредокот кон Средниот Век!

**Кметови и закрепостени селани**

Една од најважните реформи во структурата на населението во минатиов период беше издвојувањето и отскокнувањето на неколку богаташи, кои како вешти земјопоседници успеаја да создадат огромни феуди на кои им р'мбаат вазалите. Долго време се мислеше дека тоа е некој навидум капиталистички облик, но властите јасно ни ставија на знаење дека се работи за исклучиво феудално уредување, бидејќи во капитализмот постојат одредени закони и правила што се запазуваат, додека во нашиот систем господарите сами си ги пишуваат и спроведуваат законите и се над државната власт.

**Смртна казна**

Следејќи ја дебатата за аболицијата во последно време, дојдов до заклучок дека што поскоро мора да се воведе смртна казна во Македонија, што е поливалентен фактор во развитокот на нашето средновековно уредување. Еретиците ќе ги палиме на клада (така се втемелува и власта на Црквата), оние што не плаќаат данок ќе бидат бесени, а може да се воведе и мерката „набивање на кол“ или „каменување“, со што би се придонело во сферата на ентертејнинг на народот.
Туку, ај вие понтегрирајте се, јас да тркнам да соберам некој динар од вазалите... нели, влашкото лоби... и у Средниот Век сме биле јаки.

14.05.2006

## ПРЕДИЗБОРНА АЗБУКА НА КРИВЦИ

Американците се криви затоа што покрај мачкањето очи со признавање на уставното име и уште по некој лицемерен потег сакаат да ја експлоатираат земјата на чудата и враговите, односно да го пренесат напатениот народ „жеден преку вода“ бидејќи знаат дека нема да им се спротивстави.

Бугарите се криви поради нивниот опсесивен и манијакален пристап кон сите сегменти на македонскиот идентитет, а притоа сакаат да не фатат у расчекор додека ние со ногите на табуретка и чешајќи си го мевот пулиме во деколтеата, тангите и штиклите на „Планета“ (притоа во манир на нинџа внимавајќи да не не забележи сопругата, што гледаме).

Влашкото лоби е криво у принцип.

Градоначалникот е крив затоа што Скопје е метропола до таа мера, да помисли човек дека дури е и прав.

Демократизацијата, децентрализацијата, дебирократизацијата се криви затоа што ништо не му фалеше на народот додека доминираше бирократијата, централизираноста и мократијата, односно владеењето на мократите, протечените мозоци наспрема потечените тестиси.

Ѓеврекот е крив што е толку вкусен, пресен и евтин, што на сабајле те тера да заборавиш на каков и да е друг оброк, иако не можеш да си го дозволиш.

Европа е крива што не не` прима у НАТО.

Жените се криви затоа што наместо да перат, готват, чистат, раѓаат и одгледуваат деца, почнуваат да бараат машки работи и притоа без трошка респект ги бараат своите наводно одземени права, а згора на се се бунат против традиционалниот израз на љубов, кој го нарекуваат „семејно насилство“.

Законот за пушењето е крив во повеќе аспекти, пред се затоа што ја ограничува слободата да палиме цигари кај ќе ни текне, и ни го одзема правото мерачки да ги гасиме од земја со газење со врвот на стапалото и нежно ротирање за 45 степени за да се заштитело здравјето на непушачите, кое и онака е речиси уништено од досегашната практика на претходно наведеното слободно пушење кај ќе ни текне.

Ѕвездите од знамето на ЕУ се ептен криви затоа што ја хипнотизираа целата политичка, квазиполитичка и каква било друга јавност и сега никој не прави ништо друго, освен што брои ѕвезди наредени во круг на тегет позадина, надевајќи се дека и сонцето еден ден ќе стане дел од нив - а од што се сите зафатени со броење, не можат ништо да преземат околу „интеграцијата“.

Индивидуалците се криви затоа што секогаш сакаат да бидат различни - па мајку му, во вакво компактно стадо не ни требаат црни овци.

Јасновидците се криви затоа што не ни предвидуваат светла иднина.

Косово е криво затоа што досега не иницирало никаква соработка со нашата република, која би требало да се исплати и ваму и таму; згора на се, Косово бара независност.

Левицата е крива затоа што станала десница за едните, десанка за другите, а

десницата е крива затоа што нема левица и се уште мора да да се (само)задоволиме со напатената, некогаш лева, десанка.

Љубовта е крива затоа што дозволи да биде опструирана од краен утилитаризам и хипокризија; од друга страна, наместо да ја водиме - се ебеме; и најмногу е крива затоа што и го отстапува местото на омразата.

Мултикултурната средина во која живееме е крива за ограниченоста, етноцентризмот и шовинизмот кој е навлезен во порите на здравиот разум, па наместо да ја исползуваме, ние се трудиме да ја уништиме секоја можност за конструктивност и соработка.

Нафтата е крива затоа што поскапува без исав.

Њујоршките кули-близначки и 11/9 се криви што кумановци сега мораат да одат во Ирак и Авганистан на печалба, и покрај тоа што едното министерство им забранува, а другото ги врбува.

Октоподчињата се криви затоа што уште не се каламари.

Партиите и предизборните програми се криви што се толку квалитетни, до таа мера да не знаеш за кого да гласаш, па мораш да им даваш шанса на едните за да одморат малце другите.

Работниците се криви, у пизду матер, затоа што штрајкуваат, бидејќи не им чинат условите за работење, наместо на толкава невработеност да бидат среќни и задоволни што имаат бар некакво место.

Србите се криви затоа што, и покрај сите наши предавства (на жалост не успеа тоа што се обидовме да ја повратиме нивната доверба со обид за рушење на американската амбасада и прославувањето на нивните спортски победи на плоштадите), се уште не тинтраат како братски јужносрпски народ, наместо да не поучат дека брат-брата-не-рани-ама-тешко-кој-го-нема.

Травата е крива затоа што е нелегална, па полицијата може да си го билда бројот на сузбиен криминал тресејќи невини минувачи на улица, барајќи или подметнувајќи им џокче или шипка, додека таму негде некој криминалец со оружје се шета низ улиците на истиот тој град.

Ќебапите се криви затоа што се премногу мрсни и не протеруваат - притоа, сем уништениот метаболизам, штета претрпува и санитаријата па претекуваат шахти и ги фаќаат градоначалниците на препад.

Улиците во главниот град се криви затоа што им истекнува да раѓаат дупки кои мора да бидат закрпени предизборно, но и затоа што не трпат пешаци ниту на пешачки и затоа што се претесни во периодот од 07 до 17 часот во текот на работните денови.

Фудбалот, кошарката, пливањето, атлетиката и скијањето се криви затоа што ние сме дрва.

Хомосексуалците се криви затоа што ги има во толкав број, па формираат некои си организации, се противат на вековната традиција на нивното прогонство, па дури имаат храброст и јавно да дејствуваат.

Црквата е крива затоа што на толку многу „верници“, се уште не запалила ниту еден еретик на клада.

Чеканот и српот се криви затоа што успеале да го изменат овдешниот генетски код, и

притоа да измутираат во начелото „никој не може да ми даде толку лоша плата колку што јас можам лошо да работам“, па затоа денес администрацијата и речиси секоја државна установа е пред колапс.

Џемаили е крив затоа што во државата има корупција, судиите се избираат од страна на парламентот па се независни, а неговото бачило се актуализира баш пред избори.

Шаќири е крив затоа што ако го постигнеше голот од корнер во 2001 наместо во 2002, ќе сфатевме/сфатевте/сфатеа дека и етничките Албанци се Македонци колку и етничките Македонци.

21.05.2006

## ЗДРАВЈЕ ДА ИМАШ

Бидејќи изминатиов месец ја имав таа (не)среќа да се маткам по државните здравствени установи помагајќи на една мој блиска личност, имав шанса одблизу да научам доста работи кои и те како се потребни во интеракцијата со белите мантили (не касапот од локалната месарница, на докторите мислам). Се разбира, во услови како нашите, најефикасно би било „да си ја клаиш јамката на врат“, но, за среќа, се уште постојат алтернативни методи. Дел од нив следат во продолжение. Се разбира, ова се начела поврзани исклучиво со хуманиот момент, бидејќи кај нас однесувањето на државните доктори значително отстапува од Хипократовата заклетва... Во стручноста не навлегувам поради тоа што сум лаик за медицина, а за немањето стандарди, односно лебарките и змиите кои лазат по ходниците, немам доволно место.
Двата најбитни методи во справувањето со државниот апарат, па оттаму и со здравството, се „фаќањето врски“ и „плаќањето на рака“, кои се доведени на раб на совршенство.

Таканаречените „врски“ (кабли, познанства, контакти, „мој човек“, должници итн.) се незаменлив сегмент во вршењето на секоја можна, каква било работа поврзана со државните институции. Па така, пожелно е да пронајдете неколку битни контакти во установата каде што сте упатени, од хигиеничарите, па се до највисоките функции, поради тоа што ќе ви се најдат на повеќе места, и нивната помош ќе биде неизмерно значајна.

На пример, ефикасната бирократија, при средувањето на документацијата, секогаш оди во преголема деталност, па заверувањето одредени податоци во книшката или болничкиот картон може да потрае со часови. Кога би имале некој близок до сестрата која ја извршува таа работа, би можел да ви среди во смисла на тоа „да се прескокнат формалностите“ и вашата книшка да биде заверена во рок од разумни 45-50 минути, без да ве фати пауза.

Врските, нормално, се пожелни и во повисокиот дел на хиерархијата, бидејќи тие можат да ви обезбедат преглед или интервенција со дезинфицирани инструменти, шиење со повеќе конци на раната, анестезија при операциите, како и користење понапредна технологија.

Ако немате „врски“ – побарајте под итно!

Кешот, кој е исто така пропратен дел во секое „свршување работа“, во здравството наоѓа широка примена. Така, ако имате екстра-џепарлак, разумно би можеле да го потрошите во стимулирање на работата на здравствените работници, и наместо вашиот близок или вие да умрете (како куче?!) во установата, би можеле да ве примат на преглед навремено и евентуално би ве излекувале. Се разбира, се си има своја цена - па така не бидете изненадени ако ви се даде ценовник, при што квалитетот на одредени услуги, би зависел токму од средствата кои ги имате на располагање.

Сепак, неблагодарно е да се зборува за „врските“ и „кешот“ во една ваква социјално-економска непогода во која се наоѓа народот, кога не секој има пари да си ги плати трошковите, а кога се нема пари, некако секнуваат и пријателите, и „врските“. Затоа, следат неколку бесплатни хинтс енд типс, кои ги научив од искуство и се надевам дека нема да ги заборавам, затоа што, сепак, за здравје се работи.

Значи, доколку имате некоја телесна повреда која ја оневозможува вашата мобилност, па ви се потребни патерици или количка, пожелно е сами да си ги купите и носите со вас, затоа што тоа е ваш проблем и не е во надлежност на самата установа. Мене, конкретно ми се случи една ваква ситуација:

- Извинете, ако може да добијам една количка, се работи за старо лице кое е повредено и не е во можност да се движи, и му се лоши.

- А мене шо ми се лоши?! – беше одговорот од надлежната во бел мантил под Хипокритова заклетва, која јасно ми стави на знаење дека јас немам што да барам од неа. Сепак, благодарејќи на мојата корпулентност и на моменти избувлив карактер, успеав да се изборам за една количка, веројатно наследство од донациите по земјотресот во 1963, која, за среќа, се уште се тркалаше и издржа до самиот крај, кога повторно наидов на слични проблеми со надлежните, во обид да ја вратам (разбирам да те малтретираат ако нешто им земаш, ама кога им враќаш?!).

Ако, пак, лицето што не е во можност да се движи треба да се симне два ката подолу во болницата, а лифтовите не работат, и згора на се вие немате на располагање ниту количка, ниту какво било средство за транспорт, а докторите ве гледаат тапо и не знаат како да ви помогнат - не очајувајте! Купете си енергетски напиток, стегнете заби, засукајте ракави и носете го болниот на раце! Така, тој подоцна ќе ви биде навистина благодарен! Затоа што, да речеме, доколку бил во количка, а лифтот работел, тогаш вашата улога би била сведена на нем посматрач, односно туркач на количка, како во глупавите американски филмови.

Доколку, пак, ви се потребни одредени лекарства, најмудро би било сами да ги купите од локалната аптека, затоа што резервите на болниците се празни, а она што е останато по рафтовите е или со поминат рок, или резервирано за „црни дни“, односно тие лекарства се наменети за пациенти „од особена важност“. Секое барање до администрацијата на болницата би било залудно, а згора на тоа би ги ставале и во непријатна ситуација - вие во паника поради влошената состојба на болниот вака или онака, морате да купите лекови на своја рака, за кога ќе треба да се изврши рефундација, да откриете дека сепак тие лекови ги имало во резервите... но, на здравје не се штеди!

Ако заглавите во чекалната, пак, не се нервирајте. Докторот не е тука, а најверојатно нема ни да дојде. Ништо не зависи од вас. Но, ако докторот ненадејно пристигне додека вие се уште сте живи и способни да мрдате, искажете го вашиот восхит (кон доаѓањето на вашиот Месија, или Исус шета низ народот), за да не го навредите докторот, за тој да остане подолго во собата за прегледи, па евентуално и вие би дошле на ред. Сепак, знаете, докторот откажал нешто поважно за да ве прегледа токму вам, или вашите новостекнати пријатели од чекалната (мислам дека пар часови се сосема доволно за запознавање нови другарчиња).

Со вас секогаш носете си торба. Во торбата нека има шише вода, храна, евентуално апчиња против болки и сл., во случај на малку пролонгирано чекање. Исто така, ако сте слаби со кеш, тутнете некое бомбоњерче или шише виски, за да му принесете жртва на Севишниот Доктор. Ако тој ви дава здравје, редно е и вие нешто да му дадете, иако тој зема плата од буџетот, кој се финансира (види мајката), од вас! Здравје!

На сомнителните звуци кои доаѓаат од собичките покрај чекалната, реагирајте присебно. Тоа се веројатно лелеците на некој пациент кој има болки. Во никој случај докторот не води љубов со некој/а од персоналот. Ни на крај памет таква помисла! Зар докторот би ве оставил да чекате за да се оддаде на блуд и разврат на работното место?! Запаметете, и кога е, и кога не е до вас, вашето здравје е пред се, или барем така треба да биде.

Кога ќе ве прегледуваат пак, секогаш преправајте се дека болката и не е толку сериозна – подобро стегнете заби еднаш, отколку да се влечете хронично по болниците. Така ќе треба секогаш да стегате заби додека чекате, принесувате жртви и сл. И имајте на ум, дека докторите тешките случаи ги префрлаат на нивните постручни колеги на

допрецизирање на дијагнозите, па тие може да ве вратат назад, што значи дека ако се утврди дека сте тешко болни, со вас може да се игра болнички пинг-понг што е апсолутно ваша вина!

Постојат уште неколку финеси кои и сами ќе ги научите со текот на времето (всушност, не би сакал никој од вас да биде во ситуација да ги учи). За крај, една мисла која, како човек со атеистички убедувања, мислев дека никогаш нема да ја кажам: палете свеќа за здравје затоа што ситуацијата кај нас како да е базирана на расказот „Седум ката“ на Дино Буцати (во кој главниот лик симболично од највисокиот кат во клиниката, постепено се симнува надолу, неговото здравје се влошува, за на крајот „да му ги спуштат ролетните“). Сегашниве државни здравствени установи работат со билети само за во една насока. Кога еднаш ќе влезете, нема излез. Срамота е што најголемата светиња на човекот стана луксуз, срамота е што здравјето стана привилегија на богатите.

Затоа, здравје да имате, да не заглавите во тој грд систем на мито и корупција (и задолжителното „чест на исклучоците“).

29.05.2006

## НАЈДОБРАТА ПОНУДА КОЈА ШТО СЕ ЈА ВИДЕЛЕ И ЧУЛЕ

Не сте зеле плата два месеца? Имате проблеми со надворешниот изглед? Дустабанлија сте? Зависник од тешки droги? Зависник од Интернет? Или можеби патите од хронична мрскотија? Вашите родители имаат поредовен секс од вас? Здравјето не ве служи? Губите на плејстејшн? Никако да ви падне бинго? Ве тепа сопругот? Не сте биле гушкани како мали? Ве мразат професорите? Не очајувајте, затоа што ние го нудиме решението за сите ваши проблеми! Јавете се на бесплатниот телефонски број и нарачајте СРЕЌА, веднаш!

Работена според тајните на античките мислители, благородна со ултимативните алхемичарски откритија и преточена во чиста метафизика, нашата СРЕЌА може да се примени во вашето секојдневие на кој било план, при што резултатите се неверојатно впечатливи. Патентирана во лабораториите на Големиот Брат и лиценцирана од повеќе видни универзитети ширум светот, среќата со неверојатна брзина стана еден од најбараните производи кои некогаш можеле да се купат!

Немате клима-уред и дома се чувствувате како подварок? Спиете со отворен прозор и тоа сепак не ви помага? Што чекате?! Среќата која ќе ја добиете со оваа специјална понуда ќе ви помогне да ја надминете жегата на скопскиот асфалт. Со нашата среќа, потта и с’клетот ќе станат многу попријатни од кое било ваше очекување! Нервозите ќе станат минато. Дури ни јавниот превоз нема да ви биде толку грозен. Сето тоа, со нашата среќа!

Но тоа е само мал дел од понудата. Нашата среќа ќе ви помогне да ги пребродите сите проблеми со кои секојдневно се соочувате. Доколку не сте задоволни со вашата материјална состојба, тоа што ви треба е среќа – таа ќе ве научи како да му дадете предност на нематеријалното! Нашата среќа, на пример, е многу популарна во фавелите во Рио де Жанеиро, каде што младите и покрај тоа што се во незавидна социјална положба, секогаш се насмеани и животот им поминува во фудбал и забава! Значи, наместо да се нервирате и буните, со нашата среќа можете и вие да си поминете со смешкање и фудбал, па можеби ќе се роди некој нов Роналдињо!

Жртви сте на политичка репресија или само ве иритира политичкиот маркетинг? Многумина се жалат на овој проблем. Доколку и вие не можете да ги поднесете политичарите и нивните (претстојни) активности, тогаш среќата е идеално решение за вас! По првиот момент од употребата, вие ќе го почувствувате нејзиниот благодат, и политичките проблеми веднаш ќе се тргнат од вашите плеќи - впрочем, има кој да се занимава со политика! Успешно е тестирано во земјите од Блискиот Исток, Северна Кореја и Кина во втората половина на минатиот век! Ретко кој го нервираа политичарите или воопшто системот кога ја имаше на располагање нашата единствена официјална среќа!

Среќата со пари не се купува?! Тоа е веќе одамна надмината догма. Нашата среќа веќе од овој момент можете да ја нарачате на бесплатниот телефонски број, по неверојатно ниска цена, без додатни давачки, на две или повеќе рати, со чекови! Ние се обврзуваме дека таа ќе ви биде доставена експресно по пошта, како препорачана пратка! Достапна секому!

Но не заборавајте, ние сме единствен овластен дилер на среќа. Можеби ќе пронајдете некоја бледа имитација под името „бериќет“, „к’смет“ или „радост“, но тоа е се чкарт! Нашата среќа вреди многу повеќе од сите тие три производи заедно. Впрочем, таа ги обединува и има тројно дејствие, како пастите за заби, со таа разлика што нашата среќа е паста за мозок!

Но, тоа не е се. Доколку се јавите во следните 5 минути, во пакет со нашата среќа ќе добиете и мало кутивче среќа во прав. Така, ќе можете барем малку да им пренесете од сопствената благосостојба и на вашите блиски, што ќе ви помогне во вечниот стремеж да живеете во среќна околина!

Значи, ние ви го нудиме најуниверзалниот метод за премостување на неволјите, за излез од депресиите! Заборавете на вашите проблеми, затоа што тука е вечно посакуваната поливалентна СРЕЌА! Нашата среќа е достојна замена за сиот ваш гнев, бес и горчина! Лутината заменете ја со насмевка, затоа што иднината колку и да е темна, на крајот сепак е светла, со нашата една и единствена среќа!

Особено е важна понудата за младите - со нашата среќа, и вие ќе можете безгрижно да пиете кафе во кафулињата на кејот на Вардар; нема да ви пречи тоа што ќе ве бутаат на испити; нема да имате желба да се замарате со непотребни активности - нема да ви пречи тоа што немате прочитано ниту една книга во вашиот живот! Кому му треба тоа, ако има ултимативна среќа?! Со нашата среќа, младите го живеат животот како што треба и не го губат залудно времето во револуции и обиди за промени! Не мора ни да мислат на иднината, затоа што таа по автоматизам им е среќна, затоа што имаат и среќна сегашност. И сето тоа, благодарение на нашата среќа!

Но, и тоа не е се! Нудиме специјален попуст! Само за стечајци, невработени и социјално загрозени лица! Јавете се и нарачајте ја нашата среќа по само половина цена! Со неа, никогаш веќе нема да имате грчеви од глад во стомакот, никогаш нема да имате желба да го симнете работодавецот кој ве експлоатира, затоа што вие ќе бидете среќни, доживотно! Нема веќе мрцварење по протести или штрајкови, затоа што работата ќе ви претставува задоволство - тоа е среќата која ви ја нудиме!

Нашата среќа има и посебно влијание кај оние со поинаква сексуална ориентација – таа помага вие да бидете среќни и покрај сите омаловажувања и дискриминации кои ги трпите! Јавете се веднаш, и нема повеќе да ви требаат граѓански иницијативи за да ги остварите вашите права, затоа што тие нема да бидат услов за вашата среќа – таа е тука, може да си ја нарачате!

Среќата ќе им помогне и на затворениците, угнетените, страдалниците, паталците..да да, нашата среќа е вистинското решение за вашите проблеми. Нарачајте ја вашата среќа, сега! Заборавете на проблемите и убијте го преостанатиот човек во вас! Со нашата среќа веќе никогаш нема да мора да се грижите, дејствувате, или воопшто - мислите. Линиите за нарачка се отворени.

04.06.2006

## КОЈ ГО УБИ ЏОНТРА ВОЛТА?

Ко гром од ведро небо профучи веста - Џонтра е мртов! Тука веднаш мораше да се повика Шер Лок, брат му на Џон Лок, за да го истражи овој неверојатно важен случај. МФР не излезе со соопштение, а уште помалку почна и истрага; целиот случај остана на рацете на приватниот детектив.

### Почеток на истрагата

Во една полициска држава, Шер, логично, прв на тапет го тури башибозукот, меѓу народот познат како „Алви“, под сомнение дека можеби при претресот на Џонтра додека се шмекал со Оливија на клупи (нели он е познат швалер, ама исто важи и за шмркач, па можеби затоа го треселе), пружил отпор, ко што сме го виделе, па „Алвите“ морале да применат малку потврди мерки под кои Џонтра евентуално потклекнал.

Вепак, сомнежот беше отфрлен, пред се поради тоа што дента кога Џонтра бил отепан, „Алвите“ биле зафатени - рекреативно бркале некои двајца малолетници покрај Вардар. Едниот од малолетниците завршил трагично, па Шер дојде до заклучок дека две глави во еден ден е преголем залак и скандал дури и за „Алвите“.

### Можеби се работи за нерасчистени сметки

Следното што му дојде на памет, беа одредени паравоени или чисто рекетарски платенички групи, кои под капата на позицијата или опозицијата расчиствале некои „незавршени работи“ со убиениот...сепак, сите потенцијални убијци, имаат алиби - сместени по нивните дувла, на големо кројат планови за политичката кампања, што би кулминирало со традиционалното полнење на избирачките кутии на денот после Денот на независноста на САД.

Значи, државните, односно партиските, структури треба да се дистанцираат од случајот. „Ова мора да е дело на Мафијата“ - притоа си спомна Лок.

### Мафијата

За негово големо изненадување, при истрагата на Мафијата, доживеа едно големо дежа ви - истите лица, истите структури, дури и истите муабети, кои ги затече во државните, односно партиските институции. „Мафијата, па тоа е државата“ - рече тој, и гневно тресна со тупаницата по бирото. Сосема нетипично во едно вакво сценарио.

### Резултати од обдукцијата

За целото време додека Шер се маткаше низ институциите и мафиите, во неговиот подрум, под будното око на Вот Сон, се вршеше обдукција на телото на Џонтра. Според конечниот извештај, во телото на Џонтра имало 3 куршуми од пиштол „Застава“, 15 од „Калашњиков“, бил 7 пати изboden со нож, и на крајот задавен со бодликава жица. Исто така имал траги од удари со тап предмет во главата. Во ногата му биле најдени шрапнели од рачна бомба „кашикара“.

Тоа беа податоци кои беа многу индикативни - Џонтра е убиен од страна на професионалец.

**Случајот добива огромен размер**

Со оглед на вмешаноста на Џонтра во некои меѓународни афери, детективот веднаш се посомнева во големите организации, како ЦИА, МИ6, КГБ. Си помисли: „кога можеше Ел Масри, з'ш да не и Џонтра?". Сепак, свирепоста на убиството ги дисквалификуваше сите овие сомнежи затоа што ЦИА обично „таргетите" ги трпа во „Гвантанамо Експрес", Бонд, односно МИ6 убиваат со само еден истрел во главата, а КГБ никогаш не оставаат тело.

**Статива!**

Шер беше во ќор-сокак. Доказите формираа еден голем прашалник, кој не изгледаше „решлив". Одеднаш, како илуминација, му прелета едно име кое го заборави, а перфектно се вклопуваше во профилот на убиецот на Џонтра: Веруж Јуниор!!! Ги собра парталите, и полн со елан, истрча надвор да истражува во полна пареа.

Следниот ден, спиеше мртов-скапан, кога доби еден телефонски повик. Од она што го чув успеав да разберам „Скршам..главата..Веруж..раат..мајка ти..ќотек...сестрата..копиле..мајката..разбра". Шер направи една полускиселена/полуисплашена фаца, од која се читаше „не е тој, дефинитивно". Беше видно разочаран, а работата уште толку ја отера во безизлез.

**Навидум без решение**

Со рацете во џеб, шеткаше по скопските улици, ги шуткаше каменчињата, се загледуваше во минувачите..седеше по клупите, мозгаше, во главата му се вртеше случајот, лицето на мртвиот Џонтра, слушаше гласови..никогаш претходно не бил соочен со волку комплликувана сложувалка, во која фалеа толку многу парчиња, толку многу одговори. Што е мотивот, зошто толку свирепо, зошто баш Џонтра, и на крајот, кој го тоа направи?!

* * *

И така, еден подолг период, Шер талкаше и тапкаше низ доказите, душкаше низ наодите на Вот Сон, листаше низ учебниците..и кога беше спремен за првпат во својата кариера да отстапи и да се предаде, реши уште еднаш темелно да ги погледне доказите. Таму случајно најде едно влакно..беше бело, речиси проѕирно.. се насмевна и победнички шепна.. „Шонко Нери, конечно те фатив"!

11.06.2006

## ШТО СЕ` ЧУВ, А ШТО САКАМ ДА ЧУЈАМ

Изборната кампања би требало официјално да почне за неколку дена, а мене не би ми сметало и воопшто да не започнува, иако партиите веќе на големо земаа залет. Сепак, да претпоставиме дека навистина не не` лажат, и дека не не` потценуваат и дека навистина не започнале со предизборни активности, туку дека само се острат.. како кога се остри молив, врти-врти и оп - нешто крцнува, па пак врти-врти.. и на крајот нема молив.

И какви се` не ветувања чув до сега.. ама, бар за мене, сите имаа контра ефект. Мислам, овошје?! На децата ќе им дадат круша на голем одмор?! Замислете вас да ви дадат една круша, што ќе и` правите? Како и да е, јас бар едно 2-3 недели не ставам овошје во уста – кога политичар ми го ветува, не е на арно. Ете зашто толку кобно било јаболкото на Адам и Ева.. и зошто цртежите на овошје се викаат „мртва" природа.. за се` се криви политичарите. А децата – познавајќи го овдешниот менталитет, би рекол дека попрво ќе се гаѓаат со овошките отколку да ги јадат..

Но, ова ветување е во голема мера неправедно и дискриминирачко. Се ветува овошје, но не и зеленчук?! Колку би било посимболично, и далеку поискрено ако речеа „по една краставица за секого"..

Исто така начув – Македонија на Светско Првенство во фудбал?! Со фудбалери кои играат во тотално руинирано и корумпирано домашно натпреварување, на стадиони на кои во „слободно време" пасат коњи и магариња, а згора на се, може да се налета на некој камен и да се скрши нога, гарант „идеме на Светско"..А јас би бил среќен да ја гледам македонската репрезентација на такво големо натпреварување.. и да ги слушам и навивачите на трибините кои ќе ја пеат современата верзија на „А бре Македонче" - „нека разберат клетите Ш., македонско име нема да загине".. па тоа крајно патриотски моменти.. можеби и Шверцерите ќе извадат некој транспарент.. па после тоа катарза.. и уште ако играме со некоја африканска репрезентација, па да се симулираат мајмунски крици.. како што му се „скандираше" на црномурестиот Сол Кембел.. па то една идила! Или можеби на Израелците да им скандираме „Хајл Хитлер" ко на мечот Башкими - Макаби Петах Тиква, или на Србите „четници", а на Хрватите – „усташи", како неколку пати до сега на Градски на ниво на меѓународни утакмици.

Македонија на Светско Првенство, човече – каква предизборна идеја! Да се формира посебна собраниска комисија задолжена за фудбалската репрезентација, како би можело да се распишуваат тендери за копачки, тренерки, дресови, топки, косилки за трева, и тн. Исто може да се формира и посебен фонд за инвестиции наречен „Македонија на Светско Првенство". Со парите може да се купат нови возила за пратениците, да се извршат трансакции на странските сметки, и со кусурот да се исплаќаат премиите на играчите..

Сепак, не е само вочето и фудбалот. Чув и уште еден куп работи, економски бумови, ивестиции, јака економија, инвестиции, Европска Унија, инвестиции, евроинтеграции и странски инвестиции.. Европска Унија, Европа, инвестиции.. интеграции и инвестиции.

За жал, и на овие избори не чув ни Д од „декриминализација на лесни дроги", или Л „легализација на проституција". Можеби би било и преизбрзано, со оглед на тоа што поголемиот дел од електоратот сеуште голта вода и е на раб на давење пливајќи во демократијата. Можеби властите се свесни дека ако не ги малтретираат повремените уживатели на дроги, или сексуалните работнички, таканаречената „ефикасна борба со криминалот" нема да биде баш ефикасна.. поисплатливо е да се апсат малолетници под основано сомнение дека пушат грас, отколку да се апсат убијци и деликвенти. А се пренебрегнува и фактот што проституцијата, легална, ќе влијае позитивно врз

фамозниот Џи Ди Пи.. Велешта може да стане Мека за сексуално исфрустрираните Европејци, трговијата со луѓе ќе се сосече во корен затоа што работничките ќе мора да имаат детална документација, а ќе им тече и стаж, ќе имаат осигурување, ќе се наметнат здравствени стандарди..

Не чув ни еден збор за унапредување на човековите права и безбедноста, во период во кој во полн ек се скандалите околу Ел Масри и самоволието на нашата верзија на Гестапо - Алфите (а кој е Химлер?!), и веројатно нема ни да се спомне такво нешто. Бар да понесе некој одговорност, за она што се случува. А ни се случува Лос Анџелес 1992 – имаме евидентен пораст на полициската бруталност, за жал имаме и потенцијален Родни Кинг во Трајан Беќиров, лесна му земја, а наспроти нив се сликите на младите генгста фраери со пиштоли во дневниот печат, драјв-бај-шутинг, и разгневени малцинства кои протестираат.

И не е само тоа што никој не ветува човекови права - граѓанската свест е сеуште заспана, а во услови на економија а.к.а Бангладеш пропратена со патолошка стапка на корупција, спонтано е јавноста да се (де)фокусира околу немаштијата и невработеноста и нефункционирањето на ништо од системот.

За победување на предрасудите никако и не станува збор, туку напротив, тие се стимулираат. Популистите на пример, се охрабрија од хардкор хомофобијата на Буш и дебаклот на парадите во Источна Европа и се спремни „да ги лечат педерите затоа што тоа е ненормално". Јас сепак сметам дека човек на кој му пречи нешто што на доброволна основа го прават двајца возрасни луѓе интимно меѓу нив, е токму тој што има проблем. За жал, ако некој излезе со таква теза на митинг, ќе добие во најмала рака свирежи, и трајно ќе биде етикетиран..

Во контекст на ограниченоста и дебилизмот кој наместо да се сузбива уште толку се потхранува, оди и забеганоста во религијата.. наместо секуларност, се ветува веронаука (?!?!?!), иако и Уставот кој би требало да биде р`бет на нашето функционирање имплицитно го изразува секуларниот карактер на државата. Јадни деца.. попови и гратис овошје.. и искомплексирани учители.. какви ли личности ќе се формираат?! Сакам бе да чујам некој да повика на дистанцирање на религијата од државата и особено од образованието, и нејзино сместување во цивилното општество, каде и припаѓа.

Туку,ај да не кукам, и онака станав ист ко „нив". Два пати си го прекршив зборот дека ќе ги игнорирам. А веќе си ја стокмив листата која ќе ја заокружам на ливчето – носител ми е Алпа Чино, другар му на Џонтра Волта, ама овој пат без неговиот „мал пријател".